# РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО ЛОКАЛНИТЕ БУЏЕТИ

## модел на зајакнување

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
акција ЗДРУЖЕНСКА

# РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО ЛОКАЛНИТЕ БУЏЕТИ

## модел на зајакнување

Скопје, 2016

**Издавач:**
Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска – Скопје
Ул. Никола Тримпаре 12/1-12, Скопје
Тел: 02 3 215 660
www.zdruzenska.mk

**За издавачот:**
Марија Савовска, Извршна директорка

**Авторка:**
Марија Савовска

**Коавторки:**
Сузана Гроздановска Филевска
Соња Хаџи Николов

**Лектура:**
Симона Груевска Маџоска

**Ликовно – графичко обликување:**
Кома лаб

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

305-055.2:352.073.52(497.7)

САВОВСКА, Марија
Родовата рамноправност во локалните буџети : модел на зајакнување / [авторка Марија Савовска ; коавторки Сузана Гроздановска Филевска, Соња Хаџи Николов]. - Скопје : Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, 2016. - 72 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-2910-5-0
1. Гроздановска Филевска, Сузана [автор] 2. Хаџи Николов, Соња [автор]
а) Родова рамноправност - Жени - Локално буџетирање - Македонија
COBISS.MK-ID 101366538

„Овој материјал е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржините на материјалот е одговорност на Акција Здруженска и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави“.

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ---------------------------------------------------- 9

1.1. ЗОШТО Е ВАЖНО РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ? --------------- 9

1.2. РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ---- 10

1.3. ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И БУЏЕТСКОТО ПЛАНИРАЊЕ ------------ 12

2. ПРОЦЕНКА НА РОДОВО РЕЛЕВАНТНИТЕ ПОТРЕБИ И УСЛУГИ ------------ 14

2.1. ШТО ИМ ТРЕБА НА ЖЕНИТЕ? ------------------------------------------ 15

2.2 КАКО ЖЕНИТЕ ГИ ОЦЕНУВААТ ЛОКАЛНИТЕ УСЛУГИ? ----------------- 23

3. КАКО ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ГИ ТРЕТИРААТ ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЖЕНИТЕ? - 32

3.1. СВЕТИ НИКОЛЕ---------------------------------------- 34

3.2. ТЕТОВО ---------------------------------------- 39

3.3. БИТОЛА ---------------------------------------- 47

3.4. ГОСТИВАР ---------------------------------------- 54

3.5. ДЕБАР ---------------------------------------- 58

3.6. КУМАНОВО ---------------------------------------- 64

4. КАКО ЖЕНИТЕ ГО ПРЕКРОИЈА БУЏЕТОТ? ------------------------------ 69

4.1. ШТО ЗНААТ ЖЕНИТЕ ЗА БУЏЕТОТ?------------------------------ 69

4.2. КАКО ЖЕНИТЕ БИ ГИ ПОТРОШИЛЕ „СКРИЕНИТЕ“ ПАРИ?--------- 70

# ПРЕДГОВОР

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Родовата рамноправност во локалните буџети“, чија цел е да го унапреди третманот на родовите прашања во буџетското планирање на локално ниво преку зајакнување на капацитетите и поддршка на локалните невладини организации (НВО) за следење и застапување на родовата еднаквост во буџетските процеси. Во неа се претставени резултатите од активностите кои се во функција на зајакнување на знаењата и вештините на женските НВО за следење и застапување на специфичните потреби на жените во буџетските процеси на единиците на локалнта самоуправа (ЕЛС), обезбедување релевантни информации за приоритетните потреби изразени од самите жени во заедницата и информирање на јавноста и на жените од заедницата за релевантноста на родовата еднаквост во управувањето со јавните финансии.

Во отсуство на развиени локални политики и системи за следење на исполнувањето на обврските за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво, Акција Здруженска во континуитет развива програми за поддршка на капацитетите на локалните организации кои се во функција на воспоставување пракса на континуирано следење на работата на локалните власти, формулирање на предлози кои се засновуваат на аргументи и барање отчет за остварување на целите на политиките за родова еднаквост. Поаѓајки од тоа што една од клучните индикации за посветеноста на локалните власти кон родовата еднаквост е начинот на кој управуваат со јавните финансии, односно кои и какви јавни услуги се испорачуваат со парите на граѓаните и колку се тие од корист и за жените во локалната заедница, како и недоволното учество и увид во процесите на планирање и буџетирање, во рамките на проектот беше применет модел за зајакнување на организациите за активно учество во идентификација, следење и застапување на приоритетните потреби на жените.

Во програмата за зајакнување на капацитетите беше применет пристапот на учење низ пракса, при што беа земени предвид некои од стандардните чекори на застапувачката стратегија заснована на докази.

Фокусот, покрај теоретските знаења стекнати преку воведни обуки, беше ставен на стекнување практични вештини за истражување и приоретизирање на потребите на жените од локалната заедница, вештини за анализа на поврзаноста на програмите и буџетот, следење на планирачките процеси и подготовка на извештај од следењето со препора-

**Во рамките на проектот беше применет модел за зајакнување на организациите за активно учество во идентификација, следење и застапување на приоритетни потреби на жените.**

ки, и спроведување кампања со активности насочени кон жените од заедницата и локалните власти.

Од вака поставениот методолошкиот пристап, на подолг рок се очекува надминување на постоечката пракса на зборување за родово одговорно буџетирање кај женските организации и некои од општинските власти, наместо преземање конкретни чекори за примена на концептот во пракса соодветно на нивниот мандат и улога. Истиот произлегува од потребата за поголемо учество и аргументирано влијание на локалните женски организации врз локалните власти за тие соодветно да ги третираат потребите на жените.

Не помалку важен е и директниот пристап до жените од заедницата, со цел да се зајакне довербата на жените во локалните организации како субјекти кои се грижат и ги застапуваат нивните потреби пред институциите, а од друга страна да го зајакне легитимитетот на локалните организации да зборуваат во име на оние чии интереси ги застапуваат.

Една од претпоставките во развивањето на методологијата на проектот беше и потребата од поголемо разбирање и свест за тоа како се трошат, но и за што би можеле да се употребат парите собрани од нивните сограѓани/ки, како и неопходноста од активно вклучување и барање отчет за одлуките на локалните власти поврзани со буџетското планирање.

Во реализацијата на проектот, преку отворен повик за пријавување во програмата за зајакнување на капацитетите беа вклучени Женски Центар „Жена на 21 век“ - Куманово, Граѓанска иницијатива на жени - Свети Николе, Здружение Радика - Де - Дебар, Центар за женски права „Етика“ - Гостивар, Здружение Женски Форум - Тетово и Женска граѓанска иницијатива „КЛЕА“ - Битола.

Организациите имаа можност да предложат тимови од три претставнички на организацијата. Имајќи го предвид тоа што поголемиот дел од локалните женски организации се соочуваат со ограничен број млади активни членки, беше понудена можност за идентификување девојки кои се заинтересирани за стекнување знаења и практични вештини, а кои како иден ресурс ќе придонесат во идното дејствување на организацијата. Програмата, со континуирана поддршка и менторство од тимот на Акција Здруженска и поискусни членки од локалните организации како поддршка за младите мониторки успешно ја комплетираа вкупно 13 претставнички од 6 организации.

Од реализацијата на активностите произлегоа вредни информации и искуства кои ви ги претставуваме во оваа публикација. Во воведот се дадени контекстуални информации за релевантноста на оваа акција по што следуваат клучните резултати кои произлегоа од реализацијата на процесот.

# 1 ВОВЕД

## 1.1. ЗОШТО Е ВАЖНО РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ?

Буџетот е еден од најважните инструменти за остварување на целите на политиките на една влада, кој ги рефлектира нејзините клучни приоритети и политики за нивно остварување. Оттука, буџетирањето не може да се перципира само како финансиска алатка за балансирање меѓу приходната и расходната страна, бидејќи тоа претставува и процес и метод за поставување приоритети и за донесување одлуки за прашања што влијаат на актуелната и на идната ситуација на луѓето и нивната околина. Поради ова, сите оние кои се инволвирани во буџетското планирање би морале да бидат свесни дека луѓето не се хомогена група, дека родот ги определува нивните можности, состојбата и статусот во општествената хиерархија и дека секоја одлука ќе има и краткорочни и долгорочни последици и влијание врз нивните животи.

Вклучувањето на родовата перспектива[1] во главните текови во буџетскиот процес, како стратегија за остварување на родовата еднаквост ја претставува сржта на најчесто употребуваната дефиниција на родово одговорното буџетирање, усвоена од Советот на Европа[2]. Според оваа дефиниција, родово одговорното буџетирање подразбира примена на родово заснована проценка на сите нивоа на буџетскиот процес и реструктурирање на приходите и расходите, во правец на промовирање на родовата еднаквост. Таквиот пристап налага не само преиспитување на начинот на кој се носат одлуките, се планираат, се спроведуваат и кои се ефектите од сите политики туку подразбира и преиспитување на традиционалните претпоставки за наводната „неутралност" на одделни политики, особено на

1 Интеграцијата на родовата перспектива е употребена како синоним за *Gender Mainstreaming*, и како основа е земена дефиницијата на *Economic and Social Council of the General Assembly* (ECOSOC) "Mainstreaming a gender perspective is the process of assessing the implications for women and men of any planned action, including legislation, policies or programmes, in all areas and at all levels. It is a strategy for making women's as well as men's concerns and experiences an integral dimension of the design, implementation, monitoring and evaluation of policies and programmes in all political, economic and societal spheres so that women and men benefit equally and inequality is not perpetuated. The ultimate goal is to achieve gender equality". E.1997.L.0. Para.4. AdoptedbyECOSOC 17/7/97

2 Совет на Европа, група на специјалисти, Родово буџетирање*:* Концептуална рамка, методологија и претставување на добри практики. http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/equality/03themes/gender-mainstreaming/EG-S-GB%282004%29RAPFIN_en.pdf. Последен пат пристапено на 11.12.2013г.

буџетските, како и на ексклузивитетот на надлежноста за одлуките поврзани со планирањето и дистрибуцијата на јавните финансии. Важно е да се има предвид дека напорите кои подразбираат преиспитување и реорганизација на процесите не се цел сами за себе, туку претставуваат прв чекор за да се воведат промени кои ќе ги обезбедат претпоставките за остварување на крајната цел на родово одговорното буџетирање, а тоа е да се обезбеди фер и праведно искористување на ресурсите и надминување на родовата нееднаквост.

Во основата на концептот на родово одговорното буџетирање лежи идејата за поврзување/премостување на одлуките кои се донесуваат за разни политики со одлуките за распределувањето на буџетските средства, како и обезбедувањето на присуството на родот како категорија за анализа со која се врши надзор и контрола на сите аспекти на планирањето и спроведувањето на буџетот, а во функција на обезбедување родова еднаквост.

## 1.2. РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Позитивен исчекор во насока на примена на пристапот за интеграцијата на родовата перспектива во главните текови на политиките и практиките е Законот за еднакви можности на мажите и жените (ЗЕМЖМ) усвоен во јануари 2012[3], кој пропишува јасна и недвосмислена обврска за субјектите од законодавната, извршната и локалната власт за воведување системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области, вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите[4]. Одредбите од Законот поврзани со обврската за интегрирање на родовата перспектива во процесите на буџетирање на политиките се операционализирани со Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија 2012-2017[5] (СРОБ) усвоена од страна на Владата на РМ во јули 2012. Овој национален документ има за цел креирање на родово одговорни политики, насочени кон намалување на нерамноправноста и промовирање на еднаквите можности, во согласност со различните потреби на мажите и жените, преку координиран и транспарентен процес на родово одговорно буџетирање.

Интеграцијата на родовата перспектива во главните текови на политиките и практиките, како текoвен стратешки пристап за унапредување на родовата еднаквост во Република Македонија, налага трансформација на институционалното дејствување на начин кој ќе обезбеди воведување на програмски ориентиран буџетски систем, кој ќе биде фокусиран на резултатите, а не на потрошените средства и

3 Закон за еднакви можности на жените и мажите, Сл. весник на РМ, бр.6/2012 од 13.1.2012 год.

4 Чл. 5 став 3 ЗЕМЖМ Сл. весник на РМ, бр. 6 од 13.1.2012 год.

5 Стратегија за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија 2012-2017http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Strategija_budzetiranje.doc

процеси на креирање политики и буџетирање ориентирани кон потребите на неговите крајни корисници. Воедно, креирањето и спроведувањето на мерките на политиките и планирањето и дистрибуцијата на јавните финансии треба да се одвива на начин кој ќе ги земе предвид различните потреби на мажите и на жените како крајни корисници, а воедно ќе бидат во функција на надминување на патријархалната матрица на уредување на односите помеѓу мажите и жените, како реална пречка за остварување на родовата еднаквост во реалноста. Транспарентеноста, одговорноста и партиципативноста како основни карактеристики на „доброто" буџетирање се неопходна претпоставка за таквиот исход.

Анализите и истражувањата од спроведувањето на политиките за родова еднаквост во Македонија во изминатите неколку години[6] покажуваат дека истите не продуцираат ефекти бидејќи имплементацијата и институционалното дејствување во голема мера се условени од расположливите средства на меѓународните институции/организации. Дополнително, резултатите од следењата за тоа како се применуваат законските обврски за унапредување на еднаквите можности на жените и на мажите од страна на ЕЛС покажуваат сериозни пропусти, меѓу останатото и поради недоволните капацитети и системи за следење и дистрибуција на јавните финансии од аспект на препознавање на неопходните родово релевантни услуги, услугите кои се директно насочени кон задоволување на специфичните потреби на жените, како и механизми за обезбедување отчетност за унапредување на еднаквите можности на жените од локалната заедница. Планираните мерки не соодветствуваат на приоритетните потреби на жените во заедницата, предвидени се во планови за чија реализација не се потребни/обезбедени финансии или други ресурси, а одговорноста на спроведувањето на активностите вообичаено се лоцира кај комисиите за еднакви можности на жените и на мажите воспоставени во рамки на локалните совети, кои ниту според надлежностите ниту функцијата се соодветна локација. Вака поставената пракса, освен што доведува до маргинализација на проблемот на нееднаквоста на мажите и на жените, и се одразува и на отчетноста на градоначалниците и на административните служби кои ги имаат клучните овластувања во планирањето и управувањето со ресурсите[7].

**Позитивен исчекор во насока на примена на пристапот за интеграцијата на родовата перспектива во главните текови на политиките и практиките е Законот за еднакви можности на мажите и жените**

6 REPUBLIC OF MACEDONIA Shadow report on the implementation of the Convention on the Elimination of all Forms of Discrimination against Women Shadow, report is prepared by the Association for Emancipation, Solidarity and Equality of Women of Republic of Macedonia – ESE and Akcija Zdruzenska 2012 http://zdruzenska.org.mk/documents/597/Shadow%20Report%20on%20CEDAW%20 2012.pdf

7 Две години потоа Мониторинг на примената на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Акција Здруженска, јуни 2014 http://zdruzenska.org.mk/publikacii/

Иницијативите поврзани со воведување на родово одговорното буџетирање во институционалното дејствување, вклучувајќи ги и ЕЛС, се од релативно поново време и се реализираат во рамките на проектите и со финансиска поддршка на меѓународните организации, кои на тој начин го определуваат и контекстот и приоритетите во кои тие ќе се спроведуваат.

## 1.3. ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И БУЏЕТСКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Имајќи го предвид тоа што во Република Македонија процесите на планирање и спроведување на политиките, особено процесите поврзани со стратешкото и буџетското планирање генерално се недоволно транспарентни и инклузивни[8], улогата на граѓанските организации во делот за следење на спроведувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите од аспект на родово одговорното буџетирање е клучна за остварување на целите на политиките за родова еднаквост. Таа произлегува и од самиот карактер на пристапот на интеграција на родовата перспектива во главните текови, кој вклучува актери кои се вообичаено овластени и вклучени во развојот и спроведувањето на институционалните политики. Сепак, континуираниот дијалог, размената на знаења и искуства и соработката со актерите кои се надвор од процесите на институционалното дејствување се од исклучителна важност за остварување на основната цел на политиката за родово одговорното буџетирање, а тоа е намалување на нееднаквоста преку координиран и транспарентен процес на родово одговорно буџетирање. Светските искуства покажуваат дека иницијативите поврзани со родово одговорното буџетирање се највлијателни во ситуации на коегзистенција меѓу дејствувањето на организациите на граѓанското општество кои се надвор и на институционалните актери кои се внатре во владата, односно во случаи на блиска соработка преку размена на експертиза и искуства помеѓу овие две групи актери, како и во случаи кога групите од граѓанското општество ја охрабрувале работата која се одвивала внатре во институциите, но ја задржувале својата независност како монитори и критичари[9].

> Улогата на граѓанските организации во делот за следење на спроведувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите од аспект на родово одговорното буџетирање е клучна

Недоволната транспарентност и инклузивност на процесите на планирање и буџетирање како генерален проблем придонесе за реализација на сè поголем број граѓански иницијативи, проекти и програми на меѓународните организации, а кои подразбираат следење на фискалната транспа-

8 *Policy-making and Co-ordination Assessment, Sigma, May, 2008, http://www.oecd.org/site/sigma/publicationsdocuments/41637437.pdf.*

9 Родово одговорно буџетирање: Алатки за граѓанските организации, Шила Квин, Марија Савовска, октомври, 2013

рентност и поттикнување на граѓанско учество, анализа на буџетските алокации и сл. Сепак, родовите прашања во овие иницијативи ретко или воопшто не добиваат на важност, освен во контекст на обезбедување голо присуство на жените или вклучување на локални женски организации во спроведувањето на однапред подготвени методологии кои се родово слепи.

Улогата на локалните женски организации да влијаат на буџетската транспарентност и подобрување на третманот на потребите на жените од локалната заедница од страна на локалните власти е ограничена од недоволниот капацитет на повеќето локални организации да ги истражат, постават и успешно да ги застапуваат прашањата на родовата еднаквост, особено во контекст на јавните финансии. Иницијативите за родово одговорното буџетирање се ретки и се реализираат од мал број организации кои ги поседуваат неопходните капацитети за систематско следење и анализа на третманот на родовата еднаквост во институционалните политики и пракса, вклучувајки ги буџетските. Недоволните ресурси за развој (човечки и финансиски), како и недостигот од посеопфатни специјализирани програми за зајакнување и поддршка резултира со сè помал број локални женски организации кои се активни и во континуитет реализираат активности кои во фокусот ги имаат правата на жените и родовата еднаквост. Ова го оневозможува нивното влијание на едно критички прифатливо ниво и оттука, приоритетните потреби на жените остануваат непрепознаени како релевантни услуги за финансирање.

За успешно застапување на родовата еднаквост во буџетското планирање на локално ниво не е доволно само разбирање на корените и последиците од родовата нееднаквост и увид во тековните состојби со нееднаквоста во заедницата и потиснатите потреби на жените. Фактот што застапувањето како исход би морало да произведе промени во локалната институционална политика или пракса подразбира дека застапувачките организации мора да имаат познавања и разбирање на надлежностите, процесите на планирање и одлучување, вклучувајќи ги и оние поврзани со буџетот, функциите и овластувањата на различните актери во институционалната структура и увид во начинот на кој општинските власти ги практикуваат. Од друга страна, основната буџетска писменост и разбирање на начинот на кој локалните власти управуваат со јавните финансии се исто така неопходни бидејќи ваквите познавања им овозможуваат на локалните организации да добијат увид во тоа дали заложбите за родова еднаквост се празна реторика.

# 2

# ПРОЦЕНКА НА РОДОВО РЕЛЕВАНТНИТЕ ПОТРЕБИ И УСЛУГИ

Пристапот до комуналните и социјалните инфраструктурни услови и услуги кои се основни во овозможување на квалитетот на живот на граѓаните е неопходен за рамноправна позиција на жените и на мажите во локалната заедница. Имено, (не)достапноста и (не)квалитетот на овие услуги, кои во најголем дел со процесот на децентрализација беа пренесени во надлежност на општините, само навидум се релевантни за сите подеднакво. Потребата да се препознае како ограничениот пристап до основните услуги какви што се водоснабдувањето, осветлувањето, јавниот превоз и услугите од социјалната заштита дополнително се одразуваат на жените и ги ставаат во понеповолна позиција од мажите, произлегува од сѐуште доминантните очекувања за улогата на жената. Имено, жените се оние кои најчесто се грижат за одржување на домот, децата, старите лица и лицата со посебни потреби во семејствата. Оттука, недоволните можности на локалните власти во обезбедување на овие услуги го зголемуваат товарот за жените и ја оневозможуваат нивната поширока вклученост во општествениот живот, како и економските можности.

Со цел да се изврши проценка на условите, проблемите и потребите, како и пристапот на жените до услугите кои локалните власти би требало да ги планираат и да ги финансираат во рамките на нивните надлежности, беше спроведено партиципативно истражување во кое вкупно беа опфатени 128 жени. Истражувањето беше реализирано преку 12 фокус-групи спроведени во две серии во секоја од општините опфатени со проектот. За да се добијат што е можно порелевантни податоци, секоја од фокус-групите беа составени од 10 жени од различно професионално и социјално милје.

Фокус-групите беа реализирани со вклучување на локалните тимови во подготовката и спроведувањето како дел од процесот на учење за потребата од постојана комуникација и испитување на потребите на жените од локалната заедница како нивни клучни корисници.

## 2.1. ШТО ИМ ТРЕБА НА ЖЕНИТЕ?

Првата серија фокус-групи беше структурирана на начин кој обезбеди отворен процес за изразување на проблемите и потребите на жени од различни профили, врз основа на полуструктурирани прашалници кои имаа за цел да обезбедат идентификација на проблеми и приоритети кои се релевантни на клучни области од надлежност на локалната самоуправа, односно инфраструктура, економија, социјална заштита, образование и одлучување. Карактеристично за текот на дискусиите во првите фокус-групи беше отвореноста и активноста на жените, кои го изразуваа своето задоволство што воопшто некаде можат да ги искажат своите проблеми и потреби.

Резултатите од дискусиите на првата серија фокус-групи упатуваат на следниве неколку клучни предизвици со кои се соочуваат жените во повеќето локални заедници:

**Ограничено движење и безбедност**

Во сите општини, жените имаат тешкотии со движењето и се чувствуваат небезбедни, поради отсуство или непроодни тротоари поради паркиранивозила, недоволна сообраќајна сигнализација, вклучувајќи и пешачки преминии пристапни рампи. Овие проблеми се особено видливи надвор од централните градски подрачја и приградските населени места, за коишто често беше истакнуван и проблемот со недоволното осветлувањеи лошата улична инфраструктура.

Жените од Битола изјавија декаспоредните улици се во многу лоша состојба. Тротоари нема никаде или ако ги има се зафатени од паркирани автомобили. Пристапни рампи има само на Широк сокак, а и тие се зафатени со автомобили. Во Гостивар се средуваат само главните улиците, но споредните улички и селските патишта се со дупки. Тротоари и рампи има во центарот, што не е случај во руралните средини каде нема ниту рампи ниту тротоари. Една од учесничките изјави дека веќе подолго време никој не доаѓа да им ја среди улицата поради што сите жители од таа населба одлучиле да се соберат и сами да си ја средат. Состојбата во Куманово според учесничките е слична– на секој чекор има дупки кои се крпат редовно, но се појавуваат многу често. Тротоари скоро и да нема, освен на главните улици, но се зафатени со паркирани автомобили или хаварисани возила, кои непотребно зафаќаат места на тротоарите и улиците. Семафорите на поголемите раскрсници не функционираат, а споредните улички на кои нема никаква сигнализација станале многу прометни. Иницијативата на дел од улиците да се поставaт звучни семафори за глувонеми не успеала. Слично е и во Свети Николе каде покрај отсуството на тротоари и рампи се појавува и проблемот со сметот кој возилата не можат да го соберат

> **Некои околни села во дел од општините воопшто не се поврзани со превоз. Во вакви услови жените доколку нема некој да ги превезе одат пеш или, кога мораат, земаат такси.**

бидејќи комуналните возила не можат да пристапат во уличките. Во Тетово само центарот на градот е во добра состојба, а сите други улици се полни со дупки. Руралните средини имаат проблем со ширината на патот каде две коли на улица не можат да се разминат. Тротоари нема, а таму каде што ги има се зафатени со паркирани автомобили и нема место за поминување на пешаци. Поради ваквата состојба, мајките со колички се принудени да се движат по улица, а и пазарот кој се наоѓа во центарот на градот е непристапен. Освен возилата кои се паркирани на тротоарите, пречка за поминување им прават и масите од кафулињата кои се извадени до самите улици, бидејќи улицата е упропастена, а тротоарите затворени.

Потенцирана беше и загриженоста на жените за безбедноста на нивните деца, особено оние од општините со поголема сообраќајна фреквенција. Така, родителите во Битола ги советуваат своите деца да кружат, односно да одат по Широк сокак како безбеден начин да стигнат на училиште.

Осветлување во Гостивар има само во Центарот. Во горниот дел од населбата на замена на светилките се случува да се чека по 8 месеци, поради што граѓаните се решиле самите да ги променат. Во руралните делови воопшто нема осветлување. Осветлувањето во Куманово и Свети Николе е поставено, но не функционира секаде во градот. Навечер не е воопшто осветлено во некои делови од градот, но проблемот дополнително се зголемува бидејќи не се прави замена на прегорените светилки. Во Дебар уличното осветлување е добро и во центарот и во другите улички. Таков е и случајот со Тетово, со тоа што руралните средини светло воопшто немаат, а се случуваат и рестрикции бидејќи општината нема средства да го одржува осветлувањето.

Ограничената мобилност, особено за жените од околните населени места поради недоволен или нередовен превоз,кој е исклучиво приватен и не постои во ноќните часови, беше истакнувано како еден од поголемите предизвици на кои укажаа учесничките во фокус-групите. Некои околни села во дел од општините воопшто не се поврзани со превоз. Во вакви услови жените доколку нема некој да ги превезе одат пеш или, кога мораат, земаат такси.

### Проблеми со водоснабдување

Рестрикциите, намаленото количество вода, особено во летните месеци или повисоките зони, или лошиот квалитет на водата беа посочени како еден од клучните предизвици кои создаваат дополнително оптоварување за жените од сите општини опфатени со истражувањето, освен Битола.

> Рестрикциите, намаленото количество вода, особено во летните месеци или повисоките зони, или лошиот квалитет на водата беа посочени како еден од клучните предизвици

Проблемот со водоснабдувањето е најгорлив за учесничките од Тетово, каде дел од институциите и населбите се случуваше да немаат вода со денови. Во Гостивар, во летниот период водата не е за пиење, за што се известува целото население. Во

тие периоди водата или се купува или се полни од извори или бунари. Една од учесничките која живее во горната населба во Гостивар преку лето немаат воопшто вода и го користат сопствениот бунар, иако комуналиите редовно ги плаќаат. И за Дебар еден од најголемите проблеми е водата, бидејќи во летниот период се соочуваат со рестрикции кои траат од 10 часот наутро до 16 часот напладне, а истиот случај го имаат и жените од руралниот дел, каде се случува да немаат вода цел ден. Според една учесничка, луѓето кои се поимотни можат да си овозможат пумпи за вода, кои се на струја и така го решаваат проблемот, но ако има повеќе пумпи во близина повторно се јавува проблем со притисокот на водата. Во Свети Николе, жените изразија сомнеж во официјалното известување за решавање на 10-годишниот проблем со водоводниот систем и позитивните резултати за квалитетот на водата. Водата сѐуште не ја пијат, ја купуваат или ја полнат од Ѓуриште, напоменувајќи дека и цевките се азбестни и дека не се сменети долго време, а кога се менуваат се испуштаат азбестни честички кои ја загадуваат водата. Во Куманово недостиг на вода ретко се случува. Сепак, една од учесничките која живее во центарот спомена дека цевките од водоводната канализациска мрежа многу често пукаат, бидејќи не се предвидени за толку голем број жители.

**Недоволно места за одмор и рекреација**

Повеќе паркови, клупи за седење и особено детски игралишта кои ќе бидат распоредени на повеќе локации беше посочувано како потреба за повеќето учеснички од сите општини, особено оние кои живеат во урбаните средини. Недоволниот број вакви уредени места особено претставува предизвик за жените со мали деца или повозрасните жени во општините во кои поради културниот контекст не е прифатливо да излегуваат во ресторани, кафулиња или да седат сами.

Повеќе паркови, клупи за седење и особено детски игралишта кои ќе бидат распоредени на повеќе локации беше посочувано како потреба за повеќето учеснички од сите општини

Таков е случајот со Дебар каде нема ниту еден парк кадешто жените би можеле да ги однесат своите деца да си играат. Во градот има само едно игралиште кое е во склоп на градинката, но тоа по работното време на градинката е затворено. Во исто време, малкуте клупи поставени во јавен простор најчесто се зафатени од мажите пензиониери поради што жените се принудени да седат дома. Во Гостивар постои само еден парк кој воопшто не е приспособен за деца. Има само едно игралиште кое го посетуваат луѓе од сите возрасти. Паркови во Куманово има само два и и двата се наоѓаат на излезите од градот, додека децата од централните населби најчесто си играат на улица кадешто е небезбедно, бидејќи на сите слободни површини никнуваат згради. Во Тетово има само еден парк до џамијата, но тој нема никакви услови за деца, ниту пак за возрасни.

**Недоволна поддршка во грижата за деца и стари лица**

Во сите општини, еден од поголемите проблеми кој жените во голема мера го посочуваа и кој предизвика голема дискусија беше состојбата со градинките. Општ заклучок е дека во сите општини има потреба од повеќе места во градинките и повеќе стручен кадар, во некои општини особено е истакнуван проблемот на недоволни капацитети за згрижување на деца со посебни потреби.

> Во сите општини, еден од поголемите проблеми кој жените во голема мера го посочуваа и кој предизвика голема дискусија беше состојбата со градинките.

Градинките во Битола се пренатрупани, а нови се отворени само во руралните средини. Исто така, работното време не соодветствува со потребите на жените кои работат во смени, поради што е побарано флексибилно работно време и дежурства. За децата со посебни потреби е воспоставена посебна паралелка во едно од училиштата. Исто така, постои посебен дневен центар за деца и за возрасни лица со посебни потреби.Во Гостивар има само една градинка со еден клон. Приватни градинки има, но тие се скапи.Жените од Гостивар сметаат дека има потреба од барем три градинки, бидејќи направени се 4 занимални, но има голема листа на чекање на која има 750 деца. Во една група бројот на деца достигнува и до 40, а во најмалата група има по 27 деца на една негувателка. Се случува персоналот во градинките да ги моли невработените жени да не ги носат своите деца, бидејќи оние кои се вработени нема каде да ги оставаат децата. Руралните средини немаат градинки, освен во Добришта каде згрижуваат деца од тригодишна до шестгодишна возраст. Децата им ги чуваат бабите или свекрвите, доколку мајките се на работа. За децата со посебни потреби нема кој да се грижи, бидејќи градинката има еден вработен логопед и нема дефектолог. Во постоечкиот центар за лица со посебни потреби сите корисници на различна возраст се заедно во иста група. Во некои од училиштата децата со посебни потреби се во посебни класови, а се градат и нови простории за лица со посебни потребикои се во склоп на училиштето. За тие лица се грижат и посебни наставници. Во Дебар има две градинки, едната со јасли за деца до тригодишна возраст, а другата за деца од тригодишна до шестгодишна возраст. Понекогаш не се формираат групи на македонски јазик. Повеќе градинки сметаат дека не се потребни, бидејќи поголемиот дел од мајките се невработени и немаат финансиски средства да си ги пратат децата во градинка. Просекот на групи со деца е до 25 во група. И оваа година интересот за упис на деца во градинка се зголемил. Во Куманово постоечките 6 градинки не се доволни, бидејќи бројот на деца во една група достигнува и до 40, а на листа на чекање за запишување се околу 300 деца. Имало предлог да се изгради нова градинка, но последно за што жените се информирани е дека на тоа место е одлучено да се изгради црква. Во дел од градинките се ангажирани дефектолози и логопеди. Приватни едукативни центри нема, ниту

центри за ран детски развој. Во Свети Николе има една градинка со два клона со просечно 25 деца во група. Меѓутоа, опфатени се околу 50% од децата кои се на возраст да посетуваат градинка. Бројката е поголема во забавишните групи– таму се искачува и до 90%. Во минатото во склоп на некои програми функционирале центри за ран детски развој кои биле доста посетени и кои ги сметаат за многу корисни за децата и мајките. Постои еден дневен центар за згрижување на лица со посебни потреби кој се наоѓа во склоп на градинката. Родителите на децата со посебни потреби во недостиг од дефектолози мораат да седат со децата во училиште.

За дел од општините отсуството на домови за згрижување стари лица и традиционалниот културен контекст се посочени како проблем од страна на жените. Во Дебар има еден пензионерски дом во кој престојуваат три лица за кои се грижи жената која го чисти просторот. Некои од старите лица не се одлучуваат да одат во пензионерски дом бидејќи пензиите им се мали, а другите сметаат дека нивните деца треба да се грижат за нив. Има многу пензионери кои живеат сами бидејќи децата се отселени. Отселувањето беше споменато и во Свети Николе каде воопшто нема домови за стари лица, и покрај тоа што пензионерите сметаат дека живеењето би им било поудобно и побезбедно, бидејќи децата им се отселени и нема кој да се грижи за нив. Во Тетово дом за стари лица нема, а специфично за дискусијата е тоа што имаше поделени мислења околу потребата од вакви капацитети. Дел од учесничките изјавија дека е потребен, но дел кажаа дека сѐуште населението се придржува кон традиционалните обичаи и поради очекувањата на старите луѓе особено од руралната средина за нив да се грижи семејството, кое би требало да ги чува или да земе жена да се грижи за нив во домашни услови. Слична е состојбата во Гостивар кадешто домот за стари лица кој постоел во минатото е затворен. На автопатот меѓу Тетово–Гостивар почнал да се гради приватен дом за пензионери, но работата прекинала бидејќи сопственикот завршил в затвор. Жените сметаат дека има потреба, но тука исто така го истакнаа проблемот со традицијата и одбивањето на старите луѓе, кои сметаат дека нивните деца се должни да се грижат за нив. А доколку нивните деца не се во можност, тогаш тие треба да им најдат жена која би се грижела за нив. Во ретките општини кои имаат вакви капацитети какви што се Битола и Куманово, жените сметаат дека се со мал капацитет и немаат информации за тоа какви се условите во нив.

**Невработеност, мали приходи, лоши работни услови**

Проблемите поврзани со лошиот економски статус какви што се невработеноста, недоволниот број работни места и ограничувањата од најразличен вид во поглед на економските активности на локалните жени беа посочени како заеднички приоритет кај сите учесничките во дискусиите на фокус-групите.

Невработеноста кај жените во Општина Дебар е еден од поголемите предизвици. Дел од жените работат во администрација, а другите по некои

дуќани, каде им се плаќа 9000 илјади денари и не се пријавени. Оние кои имаат свој бизнис, обично тоа е или фризерски или козметички салон. Програмата за самовработување реализирана преку помош на невработените жени во развивање на бизнис-планови и финансиска поддршка за жените се покажала неуспешна, и покрај големиот интерес за учество и подготвените бизнис-планови одобрени за финансирање. Имено, повеќето ја одбиле финансиската поддршка откако биле запознаени со условите и обврските поврзани со формализацијата и можноста да влезат во долгови кои нема да можат да ги вратат во случај на неуспех на бизнисот. Жените од руралните средини се пожалија дека не би можеле да се занимаваат со земјоделие бидејќи немаат свое земјиште, како предуслов за да се аплицира за некои фондови. Една од жените изјави дека во минатото била отворена млекарница која го откупувала млекото од жените кои имаат крави, но по некое време престанале да плаќаат и за возврат им била давана компензација во кашкавал или сирење бидејќи фирмата немала пласман, за конечно да биде затворена. Слична е и состојбата во Гостивар каде повеќето жени работат приватно по бутици, козметички салони, фризерски салони. Жените од руралните средини не се занимаваат со земјоделие. Во минатото жените од руралните средини чувале крави, што сега не е пракса. Повеќето од жените во Општина Тетово работат по приватни фирми, каде немаат никакви права и платите им се многу мали. Жените не се занимаваат со земјоделие. Во руралните средини, според изјавите на тетовки, никој не сака да работи. Најголем дел од жените во Свети Николе работат во текстилните фабрики, вклучувајќи ги штипските, или се занимаваат со земјоделие. Зголемен е бројот на жени кои се регистрирани како земјоделци поединци за да можат да остварат право на здравствено и пензиско осигурување. Интересен е податокот дека постојат и обиди за здружување кај земјоделките. Сепак, според искуството на една од жените, 5 жени кои формирале земјоделската задруга се соочиле со големи проблеми при административното поставување на задругата. Дел од жените во Општина Битола работат во државна администрација, оние кои имале среќа да се вработат преку партиска линија, а другите или не работат ништо или во приватни фирми каде немаат никакви права. Работат по 15 часа, а ако имаат потреба да излезат, не ги пуштаат. Некогаш немаат ни превоз за да си одат дома. Во случај кога доаѓа инспекција, ги пуштаат да си одат и по нејзиното завршување, жените се враќаат на работа.

> Проблемите поврзани со лошиот економски статус беа посочени како заеднички приоритет кај сите учесничките во дискусиите на фокус-групите

Во повеќето општини информациите за активните мерки за вработување, вклучувајќи ги информациите за начинот на кој можат да аплицираат тешко или воопшто не стасуваат до жените, особено од руралните средини. За некои од жените мерките се повеќе реклама отколку реална можност за вработување. Според нивните изјави, курсеви или не им

требаат зашто од нив немаат никаква корист, освен да ги завршат за лична сатисфакција, а за да започнат некаков бизнис, не ги исполнуваат условите. Во некои општини курсеви за дообразование и доквалификација воопшто нема.

#### Образовни предизвици

Проблемите во врска со образованието се разликуваат. Во повеќето општини, според изјавите на учесничките постоечките средни училишта ги задоволуваат потребите, освен во Свети Николе каде што покрај гимназиско, учениците можат да се определат за некоја од струките кои ги нуди другото средно училиште, како што се ветерина, градинарство, насока за агрономија. Меѓутоа, ова претставува проблем за оние ученици коишто сакаат да се определат за некој друг профил, бидејќи треба да одат во Велес или Штип. Родовата сегрегација е забележлива во повеќето општини. Во повеќето општини, иако условите во училиштата не се идеални, бидејќи некои од нив се дотраени или имаат проблем со греењето или канализацијата, сепак,според повеќето од учесничките во фокус-групите, постојат обиди за реновирање и санирање на проблемите преку проекти, Министерството за образование и Општината.

Она што беше истакнато како најголем проблем е отсуството на лаборатории во стручните училишта поради што на учениците им е оневозможено стекнување практични вештини и применливо знаење.

Во некои од општините како голем проблем е посочено иселувањето. Таков е случајот со Дебар каде поради отселувањето на цели семејства е забележлив осипот на ученици во училиштата. Во оваа општина образованието не го продолжуваат најчесто девојчињата зашто малолетничките бракови сè уште актуелни во оваа заедница. Осип на ученици поради иселувањето постои и во Свети Николе каде секоја година има по една паралелка помалку. Во Куманово, осипот на ученички е забележан кај ромската популација, која оди на училиште до четврто одделение и потоа се откажува. Исто така, голем дел од ромските деца не одат на училиште и поради ангажирање на родителите кои одат во странство на сезонска работа и тоа се толерира од училиштата. Осип во образованието се забележува и во Тетово кадешто жените изјавија дека дел се отселуваат, а дел од девојките остануваат бремени и го напуштаат училиштето, за разлика од Гостивар, каде сметаат дека менталитетот на населението е сосема променет поради што девојките не стапуваат во брак додека не завршат средно училиште и факултет. Во некои општини жените како проблем ги посочија критериумите за организирање превоз на децата од руралните средини до училиште, кои ги сметаат за несодветни и кои создаваат тешкотии за родителите во организирање на превозот.

> Проблемите во врска со образованието се разликуваат. Во повеќето општини е забележлив осипот на ученици пради отселување/ сезонска работа на семејствата

**Недоволна информираност и учество во процесите на донесување одлуки**

Во сите општини, комуникацијата на граѓаните, особено жените со општината е недоволна. Информирањето се одвива преку веб-страниците кои нередовно се ажурираат, а информациите ги сметаат за недоволни. Исто така, некои општини практикуваат отворени денови на кои граѓаните можат да им се обратат на општинските власти, а дел информациите ги споделуваат преку локалните медиуми. Најголем дел од жените сметаат дека се недоволно информирани, а некои од нив воопшто немаа никакви информации за активностите на општината.

Жените од Битола сметаат дека дејствувањето на граѓаните е возможно само ако се членови на владејачката партија. Имаат отворен ден во општината за граѓаните, четвврток. Трибините на општината не се објавуваат јавно. Информациите порано можеле да се добијат преку веб-страницата на општината, но од август месец таа не е ажурирана. Месните задници се секогаш затворени и немаат пристап до нив. Сметаат дека нема механизми преку кои општината ќе може да комуницира со граѓаните. Во Дебар руралните заедници се активни, но таму жените немаат навика да одат, зашто тоа било машка задача. Досега никој од општината ги нема повикано жените за да ги праша дали и каков проблем имаат за да можат да им го решат. Општината Гостивар граѓаните ги известува преку својата веб-страница или преку локалните медиуми. Дел од жените изјавија дека месните заедници функционираат само пред избори, а повеќето не знаат ниту каде се наоѓаат. Една од ученичките спомена и дека општината има одвоено доста пари за советот на млади и за нивните активности. Во Куманово граѓаните се информираат преку локалната телевизија, веб-страницата, а доколку имаат некаков проблем закажуваат средба кај градоначалникот или оставаат предлози во сандачето на општината. Соработката на општината со женските невладини организации ја сметаат за солидна. Месните заедници се ретки и функционираат само пред избори или во кризни ситуации и не се доволно транспарентни. Дел од просториите на месните заедници се дадени на користење или на невладини организации или на пензионерите. Претседателите на месните заедници обично работат од дома. Напоменаа дека месните заедници во руралните средини повеќе функционираат. Во Свети Николе локалната самоуправа своите активности ги промовира само преку веб-страницата и многу од граѓаните не се информирани што се случува во нивната општина. Месните заедници не функционираат и учесничките на фокус-групите не слушнале дека се случил некој собир на граѓани и сметаат дека има потреба да се приближи работата на општината до граѓаните. Во Тетово информациите се споделуваат, но повикување на граѓаните заради разгледување на проблемите сметаат дека

Во сите општини, комуникацијата на граѓаните, особено жените со општината е недоволна. Информирањетосе одвива преку веб-страниците кои нередовно се ажурираат

воопшто не се практикува. Оваа година за првпат градоначалничката на општина Тетово организирала јавен собир, но имало многу малку граѓани и можноста за изложување на проблемите била многу мала. Месни заедници има десет, но не функционираат како што треба.

## 2.2 КАКО ЖЕНИТЕ ГИ ОЦЕНУВААТ ЛОКАЛНИТЕ УСЛУГИ?

На втората серија фокус-групи жените од локалните заедници го оценуваа нивото на услугите кои општината ги нуди во однос на проблемите и потребите коишто произлегоа во првите фокус-групи. За потребите на оценувањето беше изготвена алатка за оценка за можностите на локалните власти во однос на пристапот на жените до услуги, со однапред определени специфични индикатори за мерење на нивото за пристап во секоја од клучните области на надлежност. Од овие фокус-групи произлегоа заеднички оценки и беа утврдени приоритети за кои општината би требало да програмира мерки и да обезбеди нивно финансирање.

**На втората серија фокус-групи жените од локалните заедници го оценуваа нивото на услугите кои општината ги нуди во однос на проблемите и потребитекоишто произлегоа во првите фокус-групи.**

Забележлив беше расчекорот во подготвеноста за дискусија и нивото на критичност помеѓу првата и втората серија фокус-групи. Општ впечаток од дискусиите на вторите фокус-групи беше недоволната подготвеност на учесничките за дискусија и реална оценка на работата на општините. Имено, ставени во ситуација да дадат конкретна оценка за достапноста на одделни услуги во однос на реалните потреби, индикативна беше тенденцијата за релативно високо оценување на некои од услугите, а кое не соодветствува со описот на состојбата која произлезе во текот на претходните дискусии. Специфика за вторите фокус-групи беше и тоа што дел од учесничките воопшто немаа информации за работата на општините.

Во продолжение се претставени резултатите од оценувањето според индикаторите по општини.

**ИНФРАСТРУКТУРА –**

Пристап на жените до основна инфраструктура – комунални услуги (водоснабдување, осветлување, јавен превоз, канализација)

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Повеќето од жените немаат пристап до основната инфрастуктура | | | | | |
| Само дел од жените (град, центар) имаат пристап до основна инфраструктура | | | | | |
| Повеќето од жените имаат пристап но не за сите услуги | | Гостивар | | | |
| Повеќето од жените имаат пристап до основна инфраструктура, освен жените со хендикеп или др. маргинализирани групи жени | | | Битола<br>Куманово<br>Дебар<br>С. Николе<br>Тетово | | |
| Сите жени имаат пристап до основната инфраструктура | | | | | |

**ОБРАЗОВАНИЕ -**
Програми за вклучување на девојчињата од малцински, маргинализирани заедници во процес на образование (основно и средно)

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Во општината нема програми за вклучување на девојчињата од ранливите групи и тие не се вклучени во процесот на образование | | | | | |
| Во општината само во некои училишта има програми коишто не овозможуваат вклучување на поголемиот дел од девојчињата од ранливите групи во процесот на образование. (лоши услови нема капацитети, големи паралелки, наставници без обука за инклузивно образование, нема дополнителни услуги – учење јазик, логопеди, психолози и сл.) | | Гостивар | | | |
| Општината/училиштата имаат некакви програми за вклучување на девојчињата од малцински, маргинализирани заедници во процесот на образование и поголемиот дел се вклучуваат | | | Битола<br>Дебар | | |
| Во општината повеќето од девојчињата од малцински, маргинализирани заедници се вклучени во процес на образование но тоа не е одржливо и не се издвојуваат пари од општинскиот буџет туку е резултат на повремени иницијативи, проекти и странски донации. Недостасуваат програми и политики за системско вклучување | | | | Куманово<br>Тетово | |
| Во општината има програми/ политики за вклучување на девојчињата од малцински, маргинализирани заедници и тие се вклучени во процес на образование. | | | | | С. Николе |

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** –
Пристап на жените до услуги  за социјална заштита

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Во општината нема услуги и жените немаат пристап до услугите за социјална заштита (градинки,  дом за стари лица, грижа за инвалидни лица, услуги за деца со посебни потреби, заштита од семејно насилство....) | | | | | |
| Во општината постојат одреден број  услуги за социјална заштита (инцидентни, проекти од донатори или приватни), но не се одржливи и само мал дел од жените имаат пристап до нив | | | | | |
| Постојат одреден број услуги кои ги овозможува општината кои задоволуваат дел од потребите и не сите жени имаат пристап до нив (не се информирани или се недостапни и сл.) | | | Дебар<br>Гостивар | | |
| Општината овозможува различни услуги но не се дел од програма/политика на општината, не се издвојуваат доволно сретства за нив во буџетот на општината и немаат доволно капацитет за да ги задоволат потребите на сите жени | | | | Куманово<br>Битола<br>С. Николе<br>Тетово | |
| Во општината има политика за социјална заштита, доволно програми и услуги и сите жени имаат пристап до нив | | | | | |

**ЕКОНОМИЈА-**
Пристап на жените до програмите за економско јакнење

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Во општината нема програми за економско јакнење на жените (самовработување, поволни кредити, доедукација...) | | | | | |
| Во општината има мал број инцидентни програми за економско јакнење (финансирани од донатори) и најголем дел од жените немаат пристап до нив (не се информирани, не исполнуваат услови) – донатори | | Битола<br>С. Николе | | | |
| Во општината има програми, но тие не се дел од програма/политика на општината и не се финансирани од општината (не се одвојуваат сретства од општинскиот буџет) и само дел од жените ги користат | | | Куманово<br>Дебар<br>Гостивар<br>Тетово | | |
| Во општината има проекти за економско јакнење на жени кои се ко-финансирани од општината но тие не се достапни за дел од жените од ранливи и маргинализирани групи | | | | | |
| Во општината има програма/политика и проекти за економско јакнење и сите жени имаат пристап и ги користат | | | | | |

**ВКЛУЧЕНОСТ ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ –**
Информирање на жените за активностите на единицата на локалната самоуправа

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Нема официјална информација за активностите на единицата на локалната самоуправа - Најголемиот дел од жените не се информирани | | | | | |
| Општината истакнува информација на огласна табла и во месната заедница но оваа информација не стасува до повеќето жени (само мал дел од жителите се информираат: од уста на уста, преку познати, соседи, партија) | | | | | |
| Општината повремено истакнува информација и користи и други медиуми – локална ТВ или радио и веб страна за да ги информира граѓаните, дел од жените се информираат (оние кои користат сретства за информирање) | | | Битола<br>Куманово<br>Дебар<br>Гостивар<br>С.Николе | | |
| Општината користи различни начини на информирање ТВ, радио, веб страна, форуми, собири, но не стасува до сите жени | | | | Тетово | |
| Општината систематски спроведува информирање на жените и соработува со локални НВО и наоѓа дополнителни начини за информирање на жените и информацијата стасува до сите жени | | | | | |

**ВКЛУЧЕНОСТ ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ -**

Вклучување на жените во донесувањето на одлуки во локалната самоуправа преку месните заедници,  граѓанските собири, граѓанските иницијативи и референдуми

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Општината не ги поттикнува жените да се вклучат во донесувањето на одлуките– не постојат посебни механизми, мерки за поттикнување на жените.  Жените не се вклучуваат во донесувањето одлуки. | | | | | |
| Општината инцидентно ги вклучува жените - само кога постои актуелен акутен проблем со кој се директно засегнати | | Гостивар<br>Тетово | | | |
| Општината ги влучува само жените кои се активни во политичките партии, НВО, бизнис, понекогаш тие се охрабруваат да се вклучат во процесот на донесување одлуки | | | Куманово<br>Дебар<br>С. Николе | | |
| Општината во соработка со НВО спроведува проекти за поттикнување на жените за вклучување во процесите на донесување одлуки | | | | Битола | |
| Системско вклучување- Постојат одредби за вклучување на жените во процесот на донесување одлуки во статутот на општината или со посебни мерки | | | | | |

**ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТИНАТА –**
Поддршка на жените за здружување

| Индикатор/оценка | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Општината не ги поддржува жените да се здружуваат по различни основи (поддршка, социјализација, економско јакнење, заедничко делување, промоција и сл.) | | | | | |
| Општината инцидентно ги поддржува жените да се здржуваат како дел од некоја краткотрајна иницијатива | | Куманово | | | |
| Општината ги поддржува иницијативите на жените да се здружуваат но тие не се вклучуваат во нивна реализација | | | Гостивар<br>С. Николе | | |
| Општината во соработка со НВО спроведува проекти за здружување на жените | | | | Битола<br>Дебар<br>Тетово | |
| Општината има програма за поддршка на иницијативи за здружување на жените | | | | | |



МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ





USAID
ПРОЕКТ НА
УСАИД ЗА










# 3

# КАКО ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ГИ ТРЕТИРААТ ПРИОРИТЕТИТЕ НА ЖЕНИТЕ?

Во рамките на проектот е спроведен мониторинг чија цел е да се зајакнат вештините на младите активистки за обезбедување релевантни информации за третманот на родовите прашања од страна на ЕЛС и подготовка на мониторинг-извештаи кои вклучуваат препораки за унапредување на работата на ЕЛС на ова поле.

Мониторингот е спроведен како практична вежба за примена на знаењата добиени во рамките на воведните обуки, врз основа на најопшта методолошка рамка која е развиена со активно учество на младите активистки.

Специфична цел на следењето е да се идентификува дали и на кој начин ЕЛС ги третира потребите на жените од локалната заедница, односно предмет на следење ќе бидат активностите/мерките и ресурсите на ЕЛС во однос на избран приоритетен проблем идентификувани од самите жени, а чие решавање спаѓа во директна надлежност на ЕЛС. Врз основа на резултатите и оценките добиено од фокус-групите, а соодветно на мисиите и клучните области на дејствување на локалните организации, беа идентификувани следниве два приоритети:

- Пристап до јавни услуги од социјална заштита –Услуги за згрижување деца на предучилишна возраст
- Пристап до услуги од сферата на економскиот развој /Економско зајакнување на жени

Имајќи ги предвид законски утврдените процеси за подготовка на годишните програми и буџетот на ЕЛС, како и законските обврски за унапредување на родовата еднаквост, мониторингот се фокусира на следниве општи прашања од интерес:

- Каков е тековниот статус на приоритетот?
- Каква е праксата на информирање и консултации заради испитување на потребите и прибирање предлози за мерки од жените?
- Дали и на кој начин механизмите за унапредување на ЕМЖМ се вклучуваат во консултации, планирање и одлучување?

- Какви мерки и активности се планирани во годишните планови и буџетските алокации на ЕЛС за одговор на приоритетите на жените.

Следењето се одвиваше во периодот од јуни 2015 до јануари 2016, во неколку последователни чекори кои ги опфаќаат клучните фази од локалниот циклус на подготовка и усвојување на годишните програми и буџетот.

За потребите на следењето е подготвена рамка во која за секоја од фазите се поместени прашања/индикативни насоки за прибирање информации, преку кои мониторките ќе ги идентификуваат специфичните активности/мерки и ресурсите кои општинските власти ги планираат во однос на избраниот приоритет. Воедно, прашањата делумно ги зафаќаат и аспектите поврзани со транспарентноста на планирачките и процесите на донесување одлуки, особено оние кои се однесуваат на буџетот.

За потребите на бележење, методолошката рамка вклучуваше и подготвена матрица заради поедноставно бележење и систематизација на податоците и олеснување на нивната анализа и подготовката на извештаите од следењето.

При спроведувањето на истражувачките активности мониторинг-тимовите самите ги определуваа методите/алатките и можниот извор на информацијата, при што на располагање за користење беа определени следниве методолошки техники: анализа на документацијата, прибирање на информации преку преглед на веб-страниците и барања за пристап до информации од јавен карактер, интервјуа, набљудување, компаративни анализи.

Процесот на учење низ пракса беше заокружен со поддршка во подготовката на извештаи од следењето, кои вклучуваат и заклучоци и препораки за локалните власти.

Заклучоците, препораките и искуствата на организациите беа презентирани на серија локални дебати со локалните власти и други чинители во секоја од општините опфатени со програмата.

Во продолжение се претставени сумарните резултати од следењето по фази, онака како што се подготвени од страна на организациите, со сосема мали уредувачки корекции. Овие извештаи ги сметаме за веродостоен извор за верификација на стекнатите знаења и вештини на учесничките во програмата,имајќи го предвид фактот што повеќето од нив за прв пат се соочија со најголем дел од прашањата и процесите идентификувани како релевантни за следење, особено буџетските процеси и документи. Не помалку вредни се и информациите за состојбата по општини, погледнато од перспектива на локалните организации.

## 3.1. СВЕТИ НИКОЛЕ



Организација: Граѓанска иницијатива на жени Свети Николе

Приоритет: Пристап до јавни услуги од социјална заштита – Услуги за згрижување деца на предучилишна возраст

### 3.1.1. Идентификација на тековен статус на приоритетот

Општина Свети Николе пристапот до згрижувачките капацитети и активности во врска со заштитата на деца од предучилишна возраст ги третира во областа на социјалната заштита. Советот на Општина Свети Николе има донесено Програма за активностите во областа на социјална заштита за 2015 година[10]. Одделението за спорт, образование и социјална заштита на деца (во кое е опфатена и заштитата на жените) е изготвувач на програмата, а како предлагач се јавува градоначалникот на Општина Свети Николе. Координаторката за еднакви можности која е неодамна назначена не е консултирана и не учествувала во изработката на Програмата.[11] Оваа програма ги опфаќа активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита на децата преку Општинската јавна установа детска градинка „Рахилка Гонева". За реализација на програмата за 2015 година се планирани средства во износ од 34.980.682.00 денари кои во најголем дел се однесуваат на блок-дотација за плати на вработените во детската градинка, наменски дотации и средствата од самофинансирање. Детската градинка работи во 2 клона, во објекти за кои е потребно редовно да се одделуваат средства за одржување и реконструкција. Во 2015 година реализиран е проект за замена на душеци и постелнина во детска градинка со средства во износ од 559.327 денари донирани од Германската амбасада. Општината учествуваше со средства во износ од 194.000 ден.

Во Програмата за работа на комисијата за родова рамноправност[12], како област на дејствување е опфатена и социјалната заштита,при што како активност е опфатен и предметот од интерес. Во програмата не се предвидени буџетски средства за реализација на приоритетните активности од оваа област. За дополнително финансирање се предвидуваат средства од донатори, но не е наведено од кои донатори и колкави средства.

10 Службен гласник бр.16 од 2014 год., програма под број 0701 - 727

11 Интервју со Маја Андова,координатор за еднакви можности на мажите и жените,на ден 6.7. 2015 година

12 Сл.гласник 16/2014 програма подброј 0701 - 726

Општината не води родово разделена статистика, но се користат податоци од одредени институции како што се Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи кои имаат такви статистики[13].

### 3.1.2 Консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки

Процесот на консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки не се одвива со започнување на подготовките за изработка на програмите на општината, туку се одвиваат тековно во деновите определени за средби со граѓаните во кабинетот на градоначалникот или со непосредни средби во месните заедници кога се слушаат проблемите на граганите[14]. Најчести се лични средби, но многу често и телефонски јавувања од страна на граѓаните. Во такви консултации учествуваат лица кои ги искажуваат своите секојдневни проблеми. Доаѓаат и жени, најчесто социјални случаи, но посебни консултации за да се слушнат предлозите на жените во врска со одредени програми не се организираат и одржуваат.

Координаторот за ЕМЖМ учествува на средби со граѓани кои доаѓаат во кабинетот кај градоначалникот.

При креирање на програмите, вклучувајќи ја и Програмата за социјална заштита за 2016 година, не се практикува форма на граѓанско учество како можност за граѓаните да ги истакнат проблемите и приоритетите, а градоначалникот заедно со раководителот на секторот за финансии и буџет и Одделението за спорт, образование и социјална заштита на деца би го инкорпорирале принципот на еднакви можности помеѓу мажите и жените.

### 3.1.3 Подготовка на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во програмата за активности на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2016 година, основна цел е создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст, но во делот на активности не е предвидена таква активност што не соодведствува со планираните средства во делот на капитални инвестиции за реконструкција и санација на подови и столарија во детската градинка „Рахилка Гонева", предвидени во програмата за 2016 година. Програмата ја подготвува Одделението за спорт, образование и социјална заштита на деца во соработка со Секторот за финансирање и буџет. При изработка на програмата не се користени родово разделени статистики и анализи. Процесот на подготовка на Програмата за активности на Општина Свети Николе од областа на социјалната заштита за 2016 година, според буџетскиот календар за 2016, треба да започне со процесот на подготовка на буџетот (септември–декември), а определен датум според буџетскиот календар за изготвување на развојните програми е 30 октомври од страна на Секторот за финансирање и буџет. Но активностите не течат

13 Интервју со Ивана Јорданова, ЛЕР, и Даниела Панева, шеф на кабинет на градоначалникот (6.7.2015)

14 Интервју со Даниела Панева, шеф на кабинет на градоначалникот одржано на ден 6.7.2015

според календарот, бидејќи нацрт-програмата за социјална заштита е доставена и разгледувана на Советот на општината на 11.12.2015. До информациите дојдовме со увид на веб-страницата на Општина Свети Николе[15]на која се објавени службените гласници на Општина Свети Николе, во кои се објавуваат усвоените акти кои стапуваат на сила со денот на објавување во Службениот гласник на општината. Координаторот за ЕМЖМ на жените и мажите не е вклучен во определување на приоритетите во изработката на програмите и нема дадено предлози за нацрт и предлог-програмите за 2016 година[16]. Од анализата на Програмата за родова рамноправност за 2016 година може да се констатира дека има планирани активности во областа на социјалната заштита, но специфични мерки и активности поврзани со нашиот интерес не се предвидени.

### 3.1.4. Усвојување на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Нацрт-програмата за активности на Општина Свети Николе од областа на социјалната заштита беше доставена до Советот на Општина Свети Николе и беше разгледана на седница на Комисијата за финансии и локален економски развој. Од страна на членовите на Комисијата нема поднесено предлог за измена или дополнување на програмата. Нацрт-програмата не е разгледана од страна на Комисијата за родова рамноправност. По разгледување од страна на матичните тела,нацрт-програмата е дадена на разгледување и усвојување од страна на Советот на општината. Седницата се одржа на 11.12.2015. На оваа седница немаше поднесено предлози. Од периодот на усвојување на нацрт-програмата до усвојување на предлог-програмата даден е период од 19 денови како период на јавна расправа. Но во тој период, нацрт-програмата не беше достапна на веб-страницата на Општина Свети Николе. Предлог-програмата за активности на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2016 година беше разгледувана од страна на матичното тело– Комисијата за финансии и локален економски развој, а усвоена на седница на Советот на општината на 30.12.2016 година. Во тој период на јавна расправа и од страна на комисијата не се дадени предлози на измени и дополнување.

### 3.1.5. Планирање на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Буџетот на Општина Свети Николе се донесува еднаш годишно до крајот на годината. Буџетскиот процес (подготовка, усвојување, извршување) започна со разгледување на насоките содржани во буџетскиот циркулар кој градоначалникот го добил од Министерството за финансии најдоцна во текот на месец септември претходната година. Предлог-планот на програмите за развој изработен од единицата на локална самоуправа се доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година, кој треба да се спроведува согласно со календарот за активности кој се изготвува и доставува до Советот на Општина Свети Николе на усвојување. Во текот на месец де-

15 www.svetinikole.gov.mk

16 Интервју со Маја Андова,координатор за еднакви можности на жените и мажите,6.7.2015.

кември Советот на Општина Свети Николе има усвоено нацрт и предлог-календар на активности[17] за 2016 на истата седница кога е донесен Буџетот на Општина Свети Николе за 2016 година. Информации околу процесот на подготовка на Буџетот на Општина Свети Николе не се достапни на јавноста.

Буџетот за 2016 година содржи: основен дел, посебен дел и развоен дел составен од развојни програми.

Градоначалникот ги определува приоритетите на граѓаните при подготовка на буџетот на општината заедно со раководителот на Секторот за финансии и локален економски развој. Според нашето истражување, при подготовка и креирање на Буџетот на општина Свети Николе за 2016 година не е одржана јавна трибина на тема подготовка на Буџетот на Општина Свети Николе за 2016 година на која би се воспоставила двострана комуникација, би им се дало можност на граѓаните да го изнесат своето мислење за проблемите и приоритетите, но и можност локалната власт да ги образложи приоритетите и проектите за 2016 година пред граѓаните. Нема спроведено анкета и направено анализа за приоритетите на потребите на граѓаните на Општина Свети Николе за 2016 година, не е одржан форум, контакт-емисија и слично. Градоначалникот консултациите ги реализира преку средби со граѓаните кои самоиницијативно доаѓаат за решавање на одредени проблеми во кабинетот на градоначалникот, но и при посета на месни заедници во општината. Посебни консултации со жени не се организирани. Координаторот за ЕМЖМ во Општина Свети Николе не беше вклучен во ваков вид активности. Не е вклучен во консултации при изготвување на нацрт-буџетот за 2016 година.

За релизација на програмата за социјална заштита, во посебниот дел на усвоениот буџет за 2016 година се предвидени средства на категорија V10 детски градинки во износ од 5.383.847 денари. За нашиот приоритет предвидени се средства во ставката 48- Капитални расходи, 482 - Други градежни објекти, 482930 - Реконструкција на други објекти, во износ од 2.123.847 ден.

### 3.1.6. Усвојување на Буџет за 2016

Нацрт-буџетот на Општина Свети Николе беше разгледуван од страна на Комисијата за финансии и буџет на 11.12.2015 година и се даде рок од 19 денови за забелешки. Комисијата за родова рамноправност не одржа седница на која на дневен ред требаше да биде нацрт- и предлог-буџетот за 2016 година на Општина Свети Николе.

Предлог-буџетот на Општина Свети Николе за 2016 година се усвои на седницата на Советот на Општина Свети Николе, одржана на 30.12.2015 година, и е објавен во Службен гласник на Општина Свети Николе кој е јавно достапен на веб-страницата на општината.

Образложение на Буџетот за 2016 година нема.

17 Сл. гласник на Општина Свети Николе бр. 19

Има делумна поврзаност на буџетот со програмите, конкретно со програмата за социјална заштита. Планираните средства во Буџетот во износ од 5.383.847 денари не покриваат дел од активностите планирани во буџетската програма за социјална заштита.

#### 3.1.7. Заклучоци и препораки

Активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита се планирани во програмата за социјална заштита за 2016 година во која е влезен и нашиот приоритет – создавање квалитетни услови за згрижување на деца од предучилишна возраст. Предвидени се и средства за поддршка на активностите во висина од 2.123.847 денари наменети за реконструкција и санација на подови и столарија во детската градинка во ставката на буџетот V 10 Детски градинки ставка 48 Капитални расходи–други градежни објекти.

Во процесот на планирање во определувањето на приоритетите, мерките и активностите во програмите од страна на општината не се реализирани активности и консултации со граѓани, ниту пак жените се вклучени во консултации. Во определување на приоритетите, целите и активностите, иако е клучна законска определба, координаторката за ЕМЖМ не била вклучена.

Во фазата на подготовка и усвојување на нацрт и предлог-буџетот на Општина Свети Николе, буџетот не е достапен за јавноста, граѓаните не се вклучени, ниту пак имаат некои достапни информации. Достапноста и јавноста на буџетот е со задоцнување, бидејќи објавувањето е по усвојувањето од страна на Советот на општината. Ниту пак Комисијата за еднакви можности на мажите и жените има достапност бидејќи ги нема разгледувано ниту нацрт-ниту предлог-буџетот на седница, ниту пак има поднесено амандмани за него.

- Транспарентност

Изработка на акционен план за општинска транспарентност 2016– 2018 година и учество на граѓаните во процесот на планирање и усвојување на програмите и Буџетот.

Сите документи (службен весник, програми, буџетот на општината, одлуки, решенија) по усвојувањето од страна на Советот на општината треба веднаш да се објават на веб-страницата на општината за да бидат достапни на јавноста.

- Консултации

Во фазата на подготовка и усвојување на нацрт и предлог-програмите и буџетот на Општина Свети Николе, општината треба да определи период со термини за консултации со засегнатите органи, консултации со пошироката јавност и консултации со жени во врска со определување на приоритетите (пр. капитални инвестиции и др.). Граѓаните да бидат активно вклучени со свои предлози за определување на вистински приоритети кои ќе бидат вкалкулирани во програмите и во буџетот.

- Генерален третман на прашањето на родовата еднаквост

Во врска со прашањето за родовата еднаквост во активностите на подготовка на програмите и буџетот, треба активно вклучување на механизмите (координаторот за ЕМЖМ и комисијата за ЕМЖМ). Координаторот за ЕМЖМ потребно е активно да биде вклучен во процесот на подготовка на програмите и Буџетот на општината, а Комисијата за еднакви можности на мажите и жените треба да биде активно вклучена во процесот на разгледување и усвојување на документите имајќи ги предвид еднаквите можности на жените и мажите.

Притоа и едните и другите треба да предлагаат насоки и мерки за унапредување на еднаквите можности.

Потребно е да се зајакне системот на прибирање и анализа на податоци на локално ниво во процесот на подготовка на програмите, притоа давајќи предност на родовата статистика.

## 3.2. ТЕТОВО



| | |
|---|---|
| Организација: | Здружение Женски форум Тетово |
| Приоритет: | Пристап до услуги од сферата на економски развој/Економско зајакнување на жени |

### 3.2.1. Идентификација на тековен статус на приоритетот

Општина Тетово нема посебна програма за 2015 година која се однесува на приоритетот: Пристап до услуги од сферата на економски развој/Економско зајакнување на жени.[18] Од анализата на усвоените програми на општината во сектори релевантни за овој приоритет: локален економски развој и социјална заштита, забележано е дека мерки и активности поврзани со економското јакнење на жените не се содржани ниту во овие програми.[19]

18 Интервју со раководителката на секторот за локален економски развој Ниаљ Мемети на датум 7.9.2015

19 Усвоените програми не се достапни на веб-страницата на општината, истите се добиени од правната служба на општината.

Сепак, општината во текот на 2015 година има спроведено одредени активности кои се однесуваат на овој приоритет, а во рамки на соработката со граѓански организации и меѓународни фондови и тоа: во периодот јуни–декември 2015 година, Општина Тетово во партнерство со Здружение Женски форум Тетово и Асоцијација за демократски развој на Ромите – Сонце – Тетово, ја имплементираше програмата на UNDP за Општински корисна работа во која вклучи 5 долгорочно невработени жени и 3 Ромки, кои преку оваа програма добиваа финансиски средства во период од 6 месеци. Исто така, Општина Тетово учествува со свои средства во заедничкиот фонд основан од интернационалната компанија „Еколог" и USAID за поддршка на жени и млади во претприемаштвото, чија цел е експанзија на мали бизниси, а корист од истиот ја чувствуваат жените од Полошкиот Регион. Петнаесет мали бизниси добиле грантови преку Фондот за поддршка на жени и млади претпримачи од неговото почнување со работа од март 2014 до јуни 2015.

Координаторката за еднакви можности е донекаде запознаена со проблемот за економско јакнење на жените во Општина Тетово, учествувала на неколку обуки најчесто во организација на Министерството за труд и социјална политика, а членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ) воопшто немаат сознанија за овој проблем. За прашањето за економско зајакнување на жените во општината надлежни се: локалната комисија за еднакви можности на жените и мажите, координаторката за еднакви можности во Општина Тетово, Секторот за локален економски развој, Единицата за локален економски развој и раководителката на Секторот за локален економски развој. Општина Тетово не собира родово разделена статистика/податоци за економско јакнење на жените, но координаторката за еднакви можности истакна дека е свесна за неопходноста од ваквата статистика во општината и дека им е неопходна консултантска помош и соработка со женски граѓански здруженија.[20]

### 3.2.2. Консултации заради идентификација на проблемите и прибирање предлози за мерки

Општина Тетово досега нема пракса за организирање консултации со граѓаните заради идентификација на проблемите и прибирање предлози за преземање мерки во процесот на планирање на годишните програми и буџетот. Праксата на консултации се состои од директен прием на граѓаните од страна на градоначалничката во нејзиниот кабинет, секој втор петок кога граѓаните можат да ги изразат своите потреби кај градоначалничката во определено време од 2 до 5 минути.[21]

Искуствата од реализацијата на проектите на Здружение Женски Форум Тетово се дека ниту урбаните ниту руралните заедници не биле вклучени во ваков тип консултации.[22]

---

20 Интервју со координаторката за еднакви можности Радмила Анѓелковска на датум 9.9.2015

21 Интервју со раководителката на Секторот за финансии Ермира Фида на датум 6.10.2015

22 Проект „Граѓанска акција за родова еднаквост"

На директните средби што градоначалничката ги има со граѓаните од општината, често се поставува прашањето за економско јакнење на жените и на потребата од нивно економско осамостојување и вработување. Според зборовите на градоначалничката, на директните средби со градоначалничката има многу жени, кои се чувствуваат послободни да пристапат до општината откако има жена градоначалничка. Ова особено се однесува на жените од руралните средини во Општина Тетово за кои градоначалничката е особено заинтересирана за вклучување во активности од кои тие жени ќе почувствуваат економска полза. Во текот на разговорот е даден предлог до Здружението Женски Форум Тетово, во локалниот акционен план за родова еднаквост којшто се изработува во рамки на тековниот проект поддржан од USAID и ФООМ да се предвидат и активности за економско јакнење на жени и не поттикна за аплицирање со конкретен проект кој ќе се однесува на ова прашање на повикот за предлог-проекти кој го објавува општината.[23]

Податоците за исходот од овие средби со граѓаните/жените, не се достапни за да можат јавно да се видат приоритетите на граѓаните.

Општината објавува и јавни анкети на својата интернет-страница кои траат по 5 работни денови.[24] Увидот во информациите на интернет-страницата на општината покажува дека прашањето за економско јакнење на жените никогаш не било предмет на овие анкети.

Праксата на проактивен пристап во консултирање со граѓаните, особено жените, вообичаено се одвива во рамките на проекти на граѓански здруженија и соработка со меѓународни организации. Таков пример е проектот за родово одговорно буџетирање на UN Women кој се имплементира во Општина Тетово. Во рамките на овој проект се креира Стратегија за родова еднаквост при што општината планира да ги вклучи и женските граѓански здруженија како Здружението Женски Форум Тетово, кои имаат секојдневни контакти со жените и спроведуваат истражувања за нивните приоритети и потреби кои се планира да бидат земени предвид и да се вклучат во стратегијата.

Организирање консултации со граѓаните, особено жените, не практикуваат ниту механизмите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво како координаторката за еднакви можности и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ). Тие не спровеле и не учествувале во ваков тип активности – консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки воопшто и конкретно по однос на приоритетот пристап до услуги од сферата на економски развој/економско зајакнување на жените.[25]

---

23 Интервју со градоначалничката на општина Тетово г-ѓа Теута Арифи на датум 14.12.2015.

24 Увид во информациите на интернет-страната на општината.

25 Интервју со Координаторката за ЕМЖМ и мажите, Радмила Анѓелковска, на датум 15.10.2015.

Единствена активност на координаторката за еднакви можности за давање предлози и мерки по однос на приоритетот е нејзиното учество како член на работната група за изработка на локален акционен план за родова еднаквост на Општина Тетово кој се изработува од страна на Здружението Женски Форум Тетово во рамките на проектот „Граѓанска акција за родова еднаквост", поддржан од USAID и Фондацијата отворено општество Македонија (ФООМ).[26]

Преку ова уште еднаш се потврдува дека активностите на механизмите за родова еднаквост на локално ниво не се иницирани од самата општина, туку зависат од проекти на граѓански здруженија и меѓународна соработка.

### 3.2.3. Подготовка на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Периодот на подготовка на нацрт-плановите во Општина Тетово се одвива во текот на месец октомври. Од увидот во усвоените програми и планови за 2016 година[27] во Општина Тетово евидентно е отсуството на мерки и активности поврзани со економско јакнење на жените. Според раководителката на Секторот за локален економски развој, ваков тип активности се планира да бидат предвидени во Стратегијата на Секторот за локален економски развој, чијашто изработка е во тек, а исто така се очекува сите програми по сектори да бидат родово одговорни што за општината произлегло како обврска од вклученоста во проектот за родово одговорно буџетирање на UN Women. Потребата од внесување на вакви мерки се јавила и како резултат на средбите на градоначалничката со жените особено од руралните средини и иницијативите од Здружението Женски Форум Тетово.

Координаторката за ЕМЖМ и мажите не била вклучена на каков било начин при подготовката на програмите и годишните планови по сектори за 2016 година. Таа ниту била консултирана ниту дала предлози по однос на истите. Дополнително, Општина Тетово нема подготвено посебна програма со мерки за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2016год, во која би биле воведени мерки и активности поврзани со економското зајакнување на жените.[28]

До овие информации е дојдено преку спроведени интервјуа со раководителката на Секторот за локален економски развој и раководителката на Секторот за финансии на општина Тетово.[29]

26 Проект „Граѓанска акција за родова еднаквост".

27 Планови и програми на општина Тетово за 2016 година.

28 На иницијатива на Здружението Женски форум Тетово, во тек е изработка на Локален акционен план за родова еднаквост, кој се изработува од страна на работна група во која членуваат и координаторката за еднакви можности и две претставнички на КЕМЖМ, во рамки на проектот „Граѓанска акција за родова еднаквост" поддржан од USAID и ФООМ.

29 Интервјуа спроведени со раководителката на Секторот за локален економски развој Нијаљ Мемети и раководителката на Секторот за финансии Ермира Фида на датум 6.10.2015

### **3.2.4.** Усвојување на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во Општина Тетово, ниту една предлог-програма на секторите досега не е дадена на разгледување кај координаторката за еднакви можности и КЕМЖМ, па следствено на тоа ниту таа ниту Комисијата немаат поднесено предлози и мислења за подобрување на предлог-програмите и програмите по сектори во Општина Тетово.[30]

По однос на пристапот до услуги од сферата на економски развој/економско зајакнување на жените, единствено усвоената Програма[31] за активности на општината во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) содржи одредени мерки и активности кои можат да се поврзат со овој предмет и тоа: Жени во алтернативен туризам, Рурален клуб за традиционални занаети, Еко-пазар на традиционални јадења, организирање на Саем за кариера. Директна мерка која се однесува на жените е жени во алтернативен туризам, но за економско јакнење на жените, според раководителката на секторот за локален економски развој, се планира жените да се поттикнат и да бидат вклучени и во другите планирани активности. Начинот на кој жените ќе бидат вклучени во овие активности не е утврден, ниту тоа може да се верификува од постоечките програми и останува да биде предмет на следење во натамошниот период.

### **3.2.5.** Планирање на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

При процесот на следењето на тоа, каков е третманот на приоритетот: пристап до услуги од сферата на економски развој/економско зајакнување на жените во процесот на планирање на буџетот за 2016, дојдено е до информација дека динамиката на буџетскиот календар не се следи целосно. Буџетскиот календар особено не се следи во поглед на буџетската активност: објавување на содржината на предлог-буџетот и негова достапност на јавноста.

Предлогот на буџетот на Општина Тетово не е јавно достапен и во периодот на следење воопшто не беше објавен на веб-страницата на општината.

При анализата на буџетот на Општина Тетово и споредбата со усвоените програми, утврдено е дека постои поврзаност на буџетот со Програмата за 2016 на Секторот за локален економски развој којашто беше предмет на наше разгледување. Во програмата за предвидените мерки и активности се предвидени буџетски потпрограми, без да се прецизира категорија, ставка и потставка што го оневозможува идентификувањето на алоцираните буџетски средства.

Во однос на консултациите за предлог-буџетот, во текот на следењето не се евидентирани повици до граѓаните на интернет-страницата на општината,

30 Интервју со Координаторката за ЕМЖМ и мажите, Радмила Анѓелковска, на датум 10.11.2015.

31 Предлог програма за 2016 на Секторот за локален економски развој.

огласи на огласна табла, средби со граѓани, посети на урбани и рурални заедници и сл. Предлог-буџетот не е јавно достапен и не е објавен на интернет-страницата, а објавата на службени гласници не е навремена што оневозможува правовремен увид. Сето ова укажува дека не се организираат посебни консултации со граѓаните од страна на општината, ниту се организираат посебни консултации со жени во однос на предлог-буџетот.

Единствена консултативна средба во организација на меѓународна организација National Democratic Institute (NDI) на која беа поканети и присуствуваа градоначалничката, претседателот на Советот на Општина Тетово, претставници на граѓански здруженија, граѓани и медиуми, беше одржана во општина Тетово на 20.09.2015. Присутните беа повикани од страна на градоначалничката да дадат свои предлози и иницијативи (во моментот или написмено во рок од 1 месец) за нивно можно вклучување во буџетот на општината за 2016 година. Со оглед на тоа што на средбата не беше даден на увид предлог-буџетот за 2016, консултативната средба повеќе наликуваше на консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки, што докажува дека не се прави разлика меѓу двете фази на консултации (по однос на нацрт-плановите и по однос на нацрт-буџетот).

Координаторката за еднакви можности била контактирана од страна на Секторот за финансии да даде предлог-буџет за активности од областа на родова еднаквост, но на крајот на месец декември, па предлогот кој содржел мерки и активности за: човекови права – недискриминација, подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје, жената и одлучувачките процеси во локалната заедница, жената и пазарот на труд, родово базираното насилство и родово одговорно буџетирање, воопшто не бил ни доставен затоа што предлог-буџетот веќе бил даден на усвојување.[32]

### 3.2.6. Усвојување на буџет за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Буџетот на Општина Тетово не содржи образложение,ниту информации за предметот на наш интерес. Пред усвојувањето, буџетот бил разгледуван само од страна на градоначалничката и од матичното тело, но не и од КЕМЖМ. КЕМЖМ воопшто не поднела мислење или амандман по однос на истиот.[33]

Во текот на следењето, буџетот на Општина Тетово за 2016 не беше јавно достапен, а службениот гласник[34] во кој е објавен само општиот дел од буџетот, без посебниот и развојниот дел и без образложение на буџетот е објавен на интернет страната на општината со задоцнување.

Економското јакнење на жените не е приоритет за финансирање, но од буџетот за 2016 година на Општина Тетово се издвоени средства за активно-

---

32 Интервју со Координаторката за ЕМЖМ и мажите, Радмила Анѓелковска, на датум 30.12.2015. Предлог со мерки и активности од областа на родовата еднаквост.

33 Интервју со раководителката на секторот за финансии, Ермира Фида, на датум 30.12.2015.

34 Службен гласник бр.32 од 5.1.2016

сти поврзани со економското јакнење на жени што е наш предмет на интерес. Пример е потпишаниот договор за кофинансирање меѓу Општина Тетово и Здружение Женски Форум Тетово.[35] Вкупната вредност на кофинансирање од Општина Тетово изнесува 220 000 денари. Овие средства се издвоени од буџетската потпрограма Д00–Градоначалник, буџетската категорија 46 – Субвенции и трансфери, ставка 463 –Трансфери до невладини организации, потставка 463110 – Трансфери до здруженија на граѓани и фондации или 463190 – Останати трансфери до невладини организации.

### 3.2.7. Заклучоци и препораки

И покрај тоа што економското јакнење на жените е една од надлежностите на општината, особено на секторот за локален економски развој на Општина Тетово, сепак посебни програми за економско јакнење на жени не се планирани. Евидентно е отсуството на мерки и активности поврзани со економското јакнење на жени и во усвоените програми и планови за 2016 година. Единствена мерка за економско зајкнување – жени во алтернативен туризам е предвидена со програмата за Локален економски развој, меѓутоа не може да се утврди висината на средствата планирани за реализација на мерката.

Планираните конкретни активности во однос на економското јакнење на жените предвидени се во рамките на соработката со граѓански здруженија и проекти кои се реализираат со фондови од развојна помош

Надлежните механизми за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво се недоволно вклучени во подготовката на програмите и буџетот на општината. Дополнително, нема востановено системи за прибирање на статистички податоци, не е подготвена посебна програма со мерки за еднакви можности, ниту се издвоени средства за финансирање

Постоечките форми на вклучување на жените применети во процесот на планирање заради идентификација на проблеми и прибирање предлози и мерки за финансирање се недоволни и еднонасочни.

Големиот број жени, особено од руралните средини, кои се обраќаат на општината ја покажува потребата од приоретизација на нивните потреби и проблеми.

Проактивен пристап при консултациите со жените во текот на следењето е забележан единствено преку проекти на граѓански здеуженија и соработка со меѓународни организации.

Во процесот на подготовка и планирање на буџетот отсуствуваат консултации со граѓаните (повици до граѓаните на интернет-страницата на општината, огласи на огласна табла, средби со граѓани, посети на урбани и рурални заедници и сл.) и посебни консултации со жени по однос на предлог-буџетот. Буџетскиот календар не се следи целосно, особено поради фактот што нацртот на буџетот и усвоениот

---

35 Конкурс за финансиска поддршка на проекти од областа на културата, спортот и социјална заштита под бр.15-3160/1 од 15.7.2015 и Решение за доделување на финансиски средства на организации и проекти кои ќе се финансираат од општината бр.09-6724/1 од 31.12.2015.

буџет не се јавно достапни. При процесот на планирање и креирање на буџетот не се прави разлика меѓу двете фази на консултации (по однос на нацрт-плановите и по однос на нацрт-буџетот).

Општината ненавремено ги објавува службените гласници на својата веб-страница што оневозможува правовремен увид во усвоените програми и буџетот на општината. Во јавно достапниот Службен гласник, објавен е само општиот дел на буџетот на Општина Тетово за 2016, без посебниот и развојниот дел од буџетот и без образложение на буџетот.

Економското јакнење на жените не е приоритет за финансирање, но од буџетот за 2016 година на Општина Тетово се издвоени средства за активности за економско јакнење на жени преку кофинансирање на локално граѓанско здужение кое се занимава со ова прашање.

- Информирање/Транспарентност

Редовно и навремено објавување на интернет-страницата на општината на предлог-буџетот, усвоениот буџет, предлог-програмите, усвоените програми, закажани седници, дневни редови на седниците и службените гласници со комплетни информации.

- Консултации

Општината да развие и да практикува стандардизиран формат на консултации за прибирање мислења согласно со чл. 83 – 113 од Статутот на општината.

Информациите за одржување на консултивните средби и испитување на потребите на жените и во фазата на планирање на програмите и во фазата на разгледување на нацрт-буџетот да бидат јавно објавени на начини и места лесно достапни за сите жени.

Општината при идентификување на потребите на жените да ги консултира локалните женски граѓански здруженија од општината кои располагаат со информации од терен.

- Генерален третман на прашањето за родова еднаквост

Општината да усвојува годишен план со основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно со член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМЖМ), а врз основа на испитаните потреби на жените во процесот на консултации. Годишниот план да содржи средства одвоени од буџетот на општината со висина на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки.

Висината на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки да се предвиди и за мерките во сите секторски програми на општината.

Општината да воведе пракса на систематизирање на предлозите од граѓаните прибрани преку постоечките форми на комуникација со граѓаните за истите да бидат земени предвид при планирање и буџетирање.

Механизмите надлежни за интегрирање на родовата еднаквост на локално ниво (координатор за еднакви можности и КЕМЖМ), да развијат системи за анализа на статистички податоци, евиденција на идентификуваните потреби на жените и разгледување и давање мислење по однос на годишните програми, планови и нацрт-буџетот.

Промоцијата на родовата еднаквост да не биде условена од проекти на граѓанските здруженија и средства на меѓународни организации.

## 3.3. БИТОЛА



| | |
|---|---|
| Организација: | Женска граѓанска иницијатива Клеа - Битола |
| Приоритет: | Пристап до услуги од сферата на економски развој/Економско зајакнување на жени |

### 3.3.1. Идентификација на тековен статус на приоритетот

Една од најзначајните области во кои разликите во положбата на мажите и жените остануваат значителни е економијата. Жените се соочуваат со отежнат пристап и почесто се соочуваат со дискриминација по основ на пол на пазарот на трудот.

Оттаму произлегува важноста на зајакнувањето на економската положба на жените за постигнување долгорочна и одржлива родова рамноправност.

Советот на Општина Битола има донесено Програма за поддршка на локалниот економски развој во 2015 год.[36]

Во Образложението кон буџетот на Општина Битола за 2015 год.,[37] во делот за Локален економски развој, стои дека расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти, партиципација на општината во центарот за рамномерен регионален развој за тековно работење, поддршка на проекти, кофинансирање на општината и поддршка на други проекти, изработка на проекти за улици, патишта, водоводи, канализација и др. Вкупниот износ на Програмата изнесува 24.815.935,00 ден.

Одредени мерки и активности во однос на економското зајакнување на жените се содржани во Акциониот план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015 год.[38]

Во Акциониот план предвидено е зголемување на вработеноста на жените преку:

- организирање обуки за јакнење на самодовербата на невработени жени за отпочнување свој бизнис,
- организирање посебен тип обуки наменети за жени Ромки за отворање бизнис со оглед на посебностите на оваа целна група,
- мониторинг за развој на претприемништво и малите бизниси кај жените во руралните средини,
- давање мали грантови за отпочнување мали бизниси за жени потенцијални жртви на семејно насилство.

Во Акцискиот план не се предвидени буџетски средства за реализација на планираните активности.

Како одговорни институции за реализација на активностите се наведени Комисијата за еднакви можности, граѓанските организации, бизнис-инкубаторот.

Во отсуство на конкретно лице или сектор во Општина Битола, надлежни за решавање на економското јакнење на жените, КЕМ ја презема таа улога.

Извештај за реализирани активности од Акцискиот план за 2014/2015 год.не е направен, па не може да се утврди какви резултати се постигнати што би претставувале подлога за планирање идни активности.

### 3.3.2. Консултации заради идентификација на проблемите и прибирање предлози за мерки

Процесот на консултации во Општина Битола со цел идентификација на проблемите и прибирање предлози за мерки се одвиват пред започнување-

36 Програма за поддршка на локалниот економски развој во 2015 http://www.bitola.gov.mk

37 Образложението кон буџетот на Општина Битола за 2015 http://www.bitola.gov.mk

38 Акциониот план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015http://www.bitola.gov.mk

то на подготовките за изработка на програмите на општината. Тие се одвиваат преку „отворен ден на идеи" за средби со граѓаните во општината, каде што тие ги презентираат своите предлози, иницијативи.

Исто така, пред донесување на програмите, се испраќаат циркуларни писма до граѓанските организации за учество со свои предлози.

Консултации за изработка на Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016–2017[39] биле организирани од страна на ЖГИ Антико во соработка со Општина Битола, поддржано од Британската амбасада. Во рамките на овој проект, покрај активностите за утврдување на фактичката состојба во Општина Битола за работата на релевантните локални институции и искуствата, размислувањата и потребите на целната група, одржана е партиципативна работилница за развој и планирање на акцискиот план, во ноември 2015 година, со учество на релевантни претставници на јавниот, граѓанскиот и бизнис-секторот, како и претставнички на работоспособни невработени жени. Свое учество на работилницата имаше претставничка од ЖГИ Клеа, Битола.

Донесувањето на Акцискиот план за економско јакнење на жените е за поздравување, но, веќе стана традиција во Општина Битола истражувањата да бидат правени од граѓански организации, ад хок преку проекти.

39 Локален акциски план за економско јакнење на жените во Општина Битола 2016– 2017 http://www.bitola.gov.mk

### 3.3.3. Подготовка на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Програмите на буџетот на општината претставуваат активности кои се извршуваат согласно на обврските утврдени со закон и друга правна регулатива.

Врз основа на насоките дадени од министерот за финансии, податоците од нивната работа, потрошените средства од претходните години, идеите од граѓаните од „отворениот ден на идеи" предлози од граѓанските организации, се формираат програмите на секој одделен сектор, во периодот октомври–декември.

На заеднички работни средби, општинската администрација, заедно со раководителите на сите сектори и одделенија во присуство на градоначалникот, ги презентираат соодветните програми, се утврдуваат приоритетите и активностите за наредната година и износите на средства за секоја програма.

Цифрите во буџетските програми ја прикажуваат политиката на општинската власт и третманот на одделни приоритети и потреби во разни области од општественото живеење. Тие имаат различни позитивни и негативни ефекти врз жените и мажите.

Советот на Општина Битола има донесено Програма за локален економски развој на Општина Битола за 2016год. Подготвена од Одделението за економски развој, Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Програмата е разгледувана од Комисијата за економски развој, а не е разгледувана од Комисијата за еднакви можности и координаторката за еднакви можности на Општина Битола.

За спроведување на оваа програма надлежни се градоначалникот, Комисијата за економски развој и Одделението за економски развој при Секторот за економски развој.

### 3.3.4. Усвојување на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Изготвените нацрт-програми, градоначалникот ги доставува до Советот на усвојување.

На седницата на Советот на Општина Битола од 23.12.2015 год. усвоени се следните документи:

- Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола–Општина без дискриминација,
- Акциски план за економско јакнење на жените во Општина Битола 2016–2017 год.,
- Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 год.[40]

Заклучоците за усвојување на Стратегијата за родова рамноправност на Општина Битола, Акцискиот план за економско јакнење на жените и Програмата на комисијата за еднакви можности се објавени во Сл.гласник на Општина Битола бр.16 од 29.12.2015 год.[41]

Програмата на КЕМ е изработена согласно на Стратегијата за родова рамноправност 2016–2018 и Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016/17 год. Предлогот на Програмата на комисијата за еднакви можности разгледуван е од КЕМ и од Комисијата за финансирање и буџет.

Во усвоената програма на КЕМ постои дел за родова еднаквост и економско јакнење на жените, во кој се предвидени:

- **Олеснет пристап на жените до пазарот на трудот, и**
- **Зголемен број на жени претприемачи.**

### 3.3.5. Планирање на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Процесот на буџетирање во Општина Битола се одвива во согласност со Законот за буџети.

Буџетскиот календар[42] го носи Советот на општината на крај на година за наредната година и во него се содржат чекорите на процесот за буџетирање. Процесот на планирање на буџетот започнува со разгледување на насоките од буџетскиот циркулар со кој министерот за финансии најдоцна до 30 септември ја известува општината за основните макроекономски индикатори и главните насоки за из-

40 Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 http://www.bitola.gov.mk

41 Сл.гласник на Општина Битола бр.16 од 29.12.2015год. http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wpcontent/uploads/2015/05/SluzbenGlasnik_16_2015.pdf

42 Буџетскиот календар за 2016 http://www.bitola.gov.mk

готвување на општинскиот буџет. Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, а општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот.

Консултации за предлог-буџетот за 2016 год. биле организирани од страна на Општина Битола, во октомври 2015год. во месните заедници и во некои рурални средини. Присуството на граѓаните на тие консултации било мало, а посебно на жените. Посебни консултации со жени не се организирани, а проблемот за економското јакнење на жените не бил поставен како прашање на одржаните консултации. Пред усвојување буџетот бил разгледуван од различни комисии на советот меѓу кои и КЕМЖМ.

### 3.3.6. Усвојување на буџет за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Советот на Општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година. На 45-та седница на Советот на Општина Битола одржана на 28.12.2015 год. донесен и усвоен е буџетот на Општина Битола за 2016 год. Буџетот на Општина Битола за 2016 год. е јавно достапен.[43] Буџетот се состои од: основен буџет (општ, посебен и развоен дел); буџет на самофинансирачки активности; буџет на донации, буџет на дотации и буџет на кредити.

Наш интерес на следење беше Програмата за локалниот економски развој. Во буџетот за 2016 год. во делот Биланс на расходи по потпрограми, расходите на Г10 Поддршка на локален економски развој се прикажани по потпрограми, категории, ставки и потставки.[44] Вкупните расходи за поддршка на локалниот економски развој во 2016 год. изнесуваат 39.800.000 ден., но како активност никаде не стои приоритетот од предметот на нашиот интерес– економско зајакнување на жените. Во Програмата А0 Совет на Општина Битола, ставка 464990 (Други трансфери), предвидени се вкупно 10.000.000ден., од кои 500.000 ден. се предвидени за реализација на програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 год., но, не е специфицирано колкав износ е предвиден за економско јакнење на жените и преку кои активности ќе се олесни пристапот на жените до пазарот на трудот или, пак, како ќе се зголеми бројот на жени претприемачи.

Во Акцискиот план за економско јакнење на жените 2016–2017 год., предвидени се вкупно 1.200.000 ден. за активности во 2016 и 2017 год.

КЕМ е одговорна за спроведувањето на Локалниот акциски план за јакнење на економската положба на жената.

43 Буџетот на Општина Битола за 2016 год. http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2015/05/SluzbenGlasnik_17_2015.pdf

44 Биланс на расходи по потпрограми http://www.bitola.gov.mk

Во Стратегијата за родова рамноправност на Општина Битола 2016–2018,[45] во делот за економско јакнење на жените, предвидени се:

- активности што би го олесниле пристапот на жените до пазарот на трудот, преку мониторинг истражување и анализа, промоција на активни мерки за вработување, изработка на водич, кампања за јакнење на свест–900.000 ден.
- зголемен број жени претприемачи преку отворени денови, стартап бизниси,промоција, едукација– 540.000 ден.
- зголемени можности за кариерен напредок на жените преку бизниси, медиумска кампања, анализа на потребите, информирање на бизнис-заедницата– 260.000 ден.
- подобрена соработка помеѓу клучните актери за родова рамноправност преку јакнење капацитети, координативни состаноци, заеднички проекти, изработка на промотивен материјал, презентација на работата на КЕМ– 130.000 ден.

Одговорни за спроведување на Стратегијата се КЕМ и Здруженија на граѓани.

### 3.3.7. Заклучоци и препораки

Економското јакнење на жените во Општина Битола е еден од приоритетите за поголемо учество на жените на пазарот на трудот. Тоа е видливо преку донесувањето на повеќе документи кои содржатодредени мерки и активности за економско јакнење на жените изголемување на вработеноста.

За реализација на активности за економско јакнење на жените предвидени се 1.830.000 ден. во Стратегијата за родова рамноправност на Општина Битола 2016–2018 год. и 500.000 ден. за реализација на програмата на КЕМЖМ во која не е конкретизиран износот за реализација на активности за економско јакнење на жените.

Во согласност со ЗЕМЖМ, Општина Битола има воспоставено родово разделена статистика на податоци во сите области, но она што недостасува е искористување на поделените податоци за анализа и поставување родово сензитивни индикатори кои ќе го покажуваат влијанието на одделните програми врз мажите и жените Општина Битола е транспарентна и подготвена да одговори на секое прашање што ги интересира граѓаните, во слободен и еднаков пристап до информации.

Партиципативноста на граѓаните општината ја промовира преку организирање консултации со граѓаните по месните заедници за предлог-буџетот за наредната година, во м.октомври во тековната година.

Економското јакнење на жените, иако е еден од приоритетите на Општина Битола, не е поставувано како прашање на консултациите, ниту пак се организираат посебни консултации со жени за согледување на нивните потреби. Тоа се прави единствено преку проекти на граѓанските организации и соработка со меѓународни организации.

45 Стратегија за родова рамноправност на Општина Битола 2016– 2018 http://www.bitola.gov.mk

Во процесот на планирање на буџетот во Општина Битола се следи динамиката определена со буџетскиот календар.

Сите документи (службени весници, буџет, акциони планови, стратегии) се достапни на веб-страницата на Општина Битола.

**Консултации и генерален третман на родовата еднаквост**

- Со оглед на многу поминати обуки за испитување на потребите на жените, Општина Битола треба да прави испитување на потребите во процесот на консултации по месните заедници, посебно со групи жени при што предмет на консултациите ќе биде економското јакнење на жените, заради поголем третман на прашањето и планирање на идни активности.
- Врз основа на постоечките документи за економско јакнење на жените, потребно е да се изготвуваат годишни планови со конкретни активности, мерки, индикатори и износи за тековната година. Притоа, треба да се води сметка индикаторите да се лесно проверливи.
- Од буџетот на општината конкретно да се издвојуваат средства за економско јакнење на жените, во делот на поддршка на локалниот економски развој.
- Активна вклученост на КЕМ и координаторката за еднакви можности во процесот на подготовка на програмите и буџетот на општината, со конкретни мерки за унапредување на еднаквите можности.
- Развиени локални политики за следење на исполнувањето на обврските на локалната власт.

## 3.4. ГОСТИВАР



Организација: Центар за женски права ЕТИКА Гостивар

Приоритет: Пристап до јавни услуги од социјална заштита – Услуги за згрижување деца на предучилишна возраст

### 3.4.1. Идентификација на тековен статус на приоритетот

Општина Гостивар за 2015год. има донесено Програма за социјална заштита и заштита на децата[46] која го опфаќа проблемот со градинките, а во која е предвидено проширување на капацитетите на градинките со финансиска поддршка од УСАИД во висина од 2,370,000.00ден. Годишната програма за социјална заштита на деца за 2015 год. содржи мерки/активности поврзани со градинките во Гостивар. Надлежен за градинките е секторот за образование, каде што преку интервју со раководителот[47] успеавме да добиеме одговори за многу прашања во врска со нашиот приоритет. Општина Гостивар прибира информации за тоа колку деца се опфатени со градинките и колку деца чекаат на ред, но не собира родово разделена статистика. Користени се методи на анализа на документи, веб-страница и интервју.

### 3.4.2. Консултации заради идентификација на проблемите и прибирање предлози за мерки

Општина Гостивар реализира буџетски форми[48] отворени за сите граѓани, кои имаат за цел поддршка на развојот на учество на заедницата во процесот на донесување одлуки во надлежност на локалната самоуправа. Буџетскиот форум нуди практична примена на буџетот на општината врз основа на приоритети на форумот. Процесот на имплементација ќе го следи работната група формирана од страна на Форумот, која заедно со општината ги презентираат резултатите. Во овие консултации има голем интерес од страна на граѓаните, меѓу кои и од страна на жените. Понекогаш жените учествуваат со 60% повеќе од мажите. На средбите со граѓаните како приоритет не се истакнува прашањето за социјална заштита и заштита на децата, бидејќи превладуваат прашањата поврзани со инфраструктура, водовод, канализација, улично осветлување и слично.

46 Годишна програма за социјална заштита на деца за 2015год.

47 Интервју со Едит Азизи, раководител на секторот за образование, 2015год.

48 Интервју со Атибе Арифи, модератор на буџетските форуми, 2015год.

Од увидот на веб страницата на општината не може да се идентификува најава или информација за одржани друг вид консултации.

Програмата во која се предвидуваат одредени мерки/активности во врска со градинките, со средства од општината и со помош на донации се усвојува само од страна на советниците. Во овие консултации не се вклучени механизмите за еднакви можности на жените и мажите.

### 3.4.2. Подготовка на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во Програмата за социјална заштита и заштита на децата за 2016год., како клучни активности се наведени: создавање подобри и поквалитетни услови за децата од предучилишната возраст, предвидено е да се отвори нова просторија за градинка во рамки на основно училиште во с.Чегране, но во Гостивар не се одвоени средства за капитални инвестиции, како што се проширување на капацитетите на градинките, реконструкција и др. Во програмата е предвиден буџет за набавка на службено возило, а останатите трошоци се предвидени за плати, хигиена и останато. Средствата за купување службеното возило се одвоени од буџетот на општината.[49] Процесот за подготовка на програма започнал во декември за 2016 год. Кординаторот[50]/КЕМЖМ не бил вклучен во овие процеси на донесување одлуки. За 2016 год., во склоп на Програмата за еднакви можности, предвидено е дека сите програми и нивната имплементација ќе бидат набљудувани и од страна на Комисијата за еднакви можности, но Комисијата нема донесено посебни мерки и активности поврзани со нашиот предмет.

### 3.4.3. Усвојување на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во оваа фаза на следењето не беа јавно достапни информации за процесот на разгледување на предлозите на годишните програми од комисиите и советот. Усвојувањето на овие програми се случило во декември, на иста седница со која е усвоен и буџетот за 2016. Најавата за оваа седница[51] е објавена истиот ден кога требало да се одржи седницата,на 25.12.2015. Кога се усвоени програмите немало консултации поврзани со програмите и буџетскиот процес. Од анализата на програмите усвоени на 27-та седница на Општина Гостивар, може да се заклучи дека е усвоена и предлог-програма за активностите на Општина Гостивар во областа на социјалната и детската заштита во 2016 година, објавена во „Службен весник на РМ" број 05/02. Од анализата на Програмата може да се заклучи дека основни цели се: обезбедување активен однос на Советот на Општина Гостивар кон задоволување на потребите од областа на социјалната и детската заштита; изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на социјалната и детската заштита; планирање на развојот на социјална-

49 Буџетот на Општина Гостивар за 2016год.

50 Емине Јусуфи КЕМЖМ

51 http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/sq/ngjarjet

та и детската заштита и подобрување на условите за вршење на социјалната и детската заштита. Активностите на Општина Гостивар во областа на социјалната и детската заштита во 2016 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа приложена програма, како: овозможување на сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина; вклучување и информирање на родителите на децата кои ги посетуваат градинките, (осамостојување на децата од најмала возраст сами да си ги вршат основните потреби); поголемо вклучување на децата од предучилишна возраст во спортски, културни, креативни и други манифестации.

### 3.4.4. Планирање на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Подетални информации околу процесот на подготовка на буџетот на Општина Гостивар не се јавно достапни. Разгледувањето и усвојувањето на годишните програми се случило во месец декември, на 27-та седница на Советот. Од анализата на документите[52] може да заклучиме дека помеѓу програмите во кои се третира приоритетот и буџетот постои поврзаност. Еден дел од средствата наменети за овие програми се наоѓаат во буџетот под ставки за градинки, социјална заштита и други трансфери.

По составувањето на предлог-буџетот за 2016год, веднаш истиот е изгласан и усвоен како буџет за 2016 год., бидејќи од страна на советниците немало забелешки за содржината на предлог-буџетот, и затоа не се организирани никаков вид консултации. Усвоената Програма за активностите на Општина Гостивар во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2016 година,[53] освен целите за остварување на еднаквите можности на жените и мажите, не содржи конкретни активности, ниту буџет.

### 3.4.5. Усвојување на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Буџетот на Општина Гостивар за 2016 год. не содржи образложение. Предлог-буџетот на општината за 2016 година е усвоен на седницата на Советот одржана на 25.12.2015 година и е објавен во Службен гласник на Општина Гостивар на веб -страницата на општината. Средства обезбедени од буџетот[54] за приоритетот кој беше предмет на следење се планирани во програмите V1– Детски градинки и VA–Социјална заштита и заштита на деца (Капитални расходи) вовкупен износ од 33.240.000 денари, во ставките 40 – Плати и надоместоци, 42 – Стоки и услуги, 48 – Капитални расходи. Предлог-буџетот не е разгледан од страна на КЕМЖМ.

### 3.4.6. Заклучоци и препораки

Од процесот на следење утврдено е дека општината има сознание за проблемот на недоволни капа-

52 Годишните програми за 2016год. Буџетот на општина Гостивар за 2016год. http://www.gostivari.gov.mk/web/index.php/sq/buletini-zyrtare

53 Службен гласник на Општина Гостивар бр.12 http://www.gostivari.gov.mk/web/images/stories/PDF/Buletin/bz12-15_sg12-15_.pdf

54 Буџетот на Општина Гостивар за 2016год.

цитети во градинките, и во програмата и буџетот и за 2015 и за 2016 се планирани мерки и активности за проширување на капацитетите и за воспоставување нови во рамките на училиштата во руралните средини.

Во текот на следењето не се реализирани посеопфатни активности за информирање на граѓаните за програмите, ниту за буџетот. Информациите за мерките и активностите и средствата кои општината ги планира се објавуваат со големо задоцнување. Општината не ги вклучува граѓаните, ниту информациите се достапни на веб-страницата.

Поради недостаток на Комисија за еднакви можности и кординатор за еднакви можности, ограничени се можностите за вклучување на експертиза во областа на еднаквоста на мажите и жените во процесот на подготовка на програмите и буџетот.

Општината треба да спроведе активности во врска со информирањето на граѓаните, годишните програми и буџетот да бидат јавно достапни на веб-страницата на општината. Истите да бидат двојазични. Важноста за навремено информирање на граѓаните треба да биде приоритет.

Општината треба да воведе пракса на консултации со граѓаните во процесот на годишното планирање со цел приоритетите на општината да произлезат од граѓаните, со што ќе ја исполнат и законската обврска. Во тој процес посебно треба да обрнат посебно внимание на вклучување на жените во овие процеси на одлучување, преку соработка со женските НВО што дејствуваат во Општина Гостивар.

Во рамките на планирање и донесување одлуки треба да се обезбеди доволен временски период, да се користи родово разделена статистика и да се планираат мерки кои ќе бидат во корист на жените во заедницата.

Во процесот на подготовка на програмите и буџетот на Општина Гостивар, треба да бидат вклучени и Комисијата и Координаторот за ЕМЖМ, со цел да се постигне унапредувањето во еднаквите можности меѓу жените и мажите во нашата локална заедница.



## 3.5. ДЕБАР



Организација: Радика Де Дебар

Приоритет: Пристап до услуги од сферата на економскиот развој/Економско зајакнување на жените

### 3.5.1. Идентификација на тековниот статус на приоритетот

Од анализата на достапните програми и буџетот во однос на планираните ресурси за програмите за: образование, спорт и рекреација, заштита на животната средина и природата, прекугранична соработка, културни манифестации и творештво, изградба на јавно осветлување, јавна чистота, јавно осветлување, одржување на локалните патишта и улици за 2015г., беше констатирано целосно отсуство на мерки и активности поврзани со економско јакнење на жените. Овој наод ни беше потврден од страна на Ќазим Ќормемети–раководител на секторот за финансии при ЛС Дебар.[55] По однос на прашањето, разговарано беше со претседателот на КЕМЖМ, Љумтурије Џафа,[56] која потврди дека КЕМЖМ го има идентификувано проблемот, но дека општината не располага со родово разделена статистика по прашањето за економското јакнење на жените.

Од разговорот со секретарот на општината, Или Мирзо, беше констатирано дека од страна на општината повремено се организираат настани и консултации, но и одзивот на самите жени не е задоволителен. Добар пример, истакна тој, беа форумите на заедниците каде поголемиот процент од присутните беа жени,но за моменталната состојба факт е дека недоволно се организиранизираат средби и консултации со локалните жени со цел испитување на нивните потреби и прибирање предлози за мерки.[57]

Општиот впечаток од наодите беше дека во 2015 година во Општина Дебар не се преземени никакви активности врзани со подобрување на состојбата на економското јакнење на жените.

### 3.5.2. Консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки

Општина Дебар им овозможува на своите граѓани консултации со градоначалникот секој вторник (отворен ден на општината), на кои се дискутира за индивидуални проблеми на граѓаните. Консул-

55 Разговор со Ќазим Ќормемети воден на 22.6.2015 во Дебар

56 Разговор со Љумтурие Џафа воден на 30.6. 2015 во Дебар

57 Разговор со Или Мирзо воден на 20.6.2015 во Дебар

тациите се во траење од 10до 15 минути и секоја поединечна средба е на иницијатива на граѓаните, здруженијата или институциите. На вакви консултативни средби учествуваат и жени, но повеќето за индивидуални потреби.

Во процесот на годишно програмско планирање, процесот на консултации е сведен на интерно ниво –внатре во самата општина на комисии се разгледуваат предлог-програми и буџет, но за жените не се организираат консултативни средби на кои би се дискутирале предложените мерки и активности, како и потребите и приоритетите на локалното население.

При следењето на процесот на консултации остварени се средби со раководителот на финансии Ќазим Ќормемети[58], со секретарот на Општина Дебар Или Мирзо[59] и со претседателот на КЕМЖМ Лумтурие Џафа[60] од кои произлезе констатацијата дека општината не организира посебни консултативни, ниту информативни средби со жените од Дебар поврзани со нивното економско јакнење.

### 3.5.3. Подготовка на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

И во оваа фаза следуваше уште една средба со координаторот за ЕМЖМ Руждие Абдулаи на која присуствуваше и Мајлинда Каба[61] –одговорна за односи со јавноста, каде беа дадени конкретни предлози кои беа планирани да се вметнат во програмата на Комисијата за еднакви можности за 2016. Програмата на КЕМЖМ беше во фаза на подготовка, а активностите меѓу кои и оние поврзани со економското јакнење на жените беа планирани да се реализираат во соработка со Здружението Радика-Де од Дебар.

Програмата на КЕМЖМ за 2016 е обезбедена преку писмено барање. Истата е задоцнета и усвоена е на седница на Советот на Општина Дебар, одржана на 29.2.2016 год. Констатирано е дека општината по однос на подготовка на оваа програмата има пракса да ги консултира женските НВО-организации, но за жал последните години таквите здруженија сѐ помалку ги има, додека консултации со жените по однос на програмата нема.

Активни мерки предвидени во програмата се: организирање обуки и семинари од областа на претприемништвото, работилници за усовршување на вештини, економски активности и настани поврзани со промоција и продажба, како и предлози и контакти со Агенцијата за вработување со цел потранспарентно прикажување на мерките за самовработување што ги промовира Владата на Р Македонија и нивно приближување до жените.

Во Општина Дебар во однос на планирањето на програмите консултациите се сведени во рамките на

58 Разговор со Ќазим Ќормемети на ден 29.6.2015

59 Разговор со Или Мирзо на ден 30.6.2015

60 Разговор со Љумтурие Џафа на ден 30.6.2015 год

61 Разговор со Руждие Абдулаи и Мајлинда Каба на ден 8.7.2015

поедини комисии, додека по однос на избраниот приоритет не се организираат посебни консултации со жени.

Исто така, во Општина Дебар констатирано е дека делумно се почитува динамиката на буџетскиот календар. Според буџетскиот календар, планирањето на програмите е предвидено во месеците септември–октомври, а усвојувањето на програмата во месец ноември. Предлагањето на буџетот е предвидено во втората половина на ноември, а неговото усвојување на крајот од месец декември.

### 3.5.4. Усвојување на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во Општина Дебар нацрт-програмите делумно се разгледуваат во рамки на комисии. Имено, програмата на КЕМЖМ е предложена и усвоена со задоцнување дури со над два месеци. По однос на прашањето што е предмет на интерес во програмата планирани се мерки, но истите не се буџетирани. Исто така, нема пракса во општината од организирање на консултативни средби со жени и испитување на нивните потреби. Досегашното искуство покажува дека локалните активности организирани од граѓанскиот сектор се привлечни за жените како што беше примерот со Форумот на заедниците каде повеќето од учесниците беа жени и со голем интерес ја следеа работата и учествуваа во целиот процес. Исто така, соработката и потребата од транспарентно работење НВО-секторот ја покажа преку низа активности. Она што се случи во оваа фаза е организираниот настан –јавна дебата на тема „Перцепцијата на НВО-секторот околу планирањето на буџетот на Општина Дебар за 2016 год." На дебатата присуствуваа претставници од повеќето НВО од Дебар меѓу кои и претставник од Здружението Радика-ДЕ, каде се дебатираше околу перцепцијата на граѓанскиот сектор за процесот на предлагање на програми и буџет за Општина Дебар за 2016 год. Исто така, беше констатирано дека средствата кои се содржат во ставките за трансфер за НВО-секторот треба да се распределат на транспарентен начин и со објавување оглас преку сајтот на општината, огласна табла или сл. со цел да им се даде подеднаква шанса на сите граѓански организации да ја искористат можноста да се јават на конкурс, а да се избегне досегашната пракса на индивидуални побарувања на средства за наводни реализирања на активности за поедини НВО, неформални групи или поединци. Заеднички беше ставот и на претставниците на ЛС и на граѓанските активисти дека недостасува доволна транспарентност на целиот процес започнувајќи од предлагање програми, па сè до усвојување на буџет. Исто така,-присутните на дебатата се обврзаа до крајот на ноември да доставаат свои програми за работа за 2016 год. до одговорното лице Решат Кормемети.

Разгледувањето на нацрт-годишната програма на општината е направено на седница на Советот одржана на 30.11.2015 год. Но, по однос на прашањето што е предмет на следење, нема пракса на организирање консултативни средби со жени и испитување на нивните потреби.

Активности поврзани со промоција на родовата еднаквост предвидени се само во програмата[62] на Комисијата за еднакви можности, а отсуствуваат од општинската програма.

### 3.5.5. Планирање на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во процесот на планирање на буџетот во Општина Дебар делумно се следи динамиката определена со буџетскиот календар. Нацрт-буџетот е разгледуван на Комисијата за финансирање и буџет,а потоа на 30.11.2015 се расправа по истиот на седница на Советот. Идентификуваниот приоритет на жените од Дебар, економското јакнење, не е вклучено во процесот на буџетско планирање. Единствена можност за финансирање е преку трансферот наменет за НВО-секторот. Во однос на овој приоритет не се реализирани посебни консултации. Координаторот за ЕМЖМ е консултиран и вклучен во процесот на подготовка на програма за КЕМЖМ, но поради оправдано отсуство во периодот на усвојување на програми и предлагање на буџет не учествувал со предлози за распределбата на буџетските средства во текот на буџетската расправа.[63]

Предлог-буџетот е јавно достапен, и секој граѓанин има право да присуствува на седница на Советот кога за истиот се расправа, но на седниците не е забележано присуство на жени кои не се дел од Советот.

62 Записник од седница на Советот на Општина Дебар бр.08-246/14 одржана на 29.2.2016.

63 Записник од седница на Советот на Општина Дебар, бр.07-1127/2 одржана на 30.11.2015.

### 3.5.6. Усвојување на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Буџетот на Општина Дебар е усвоен на седница на Советот одржана на 25.12.2016 год. каде му претходела и расправа по истиот. Усвоениот буџет е јавно достапен на веб-страницата.[64]

Во текот на расправата за нацрт-буџетот на Општина Дебар за 2016, покрај другото, биле дадени предлози за начинот на финансирање на НВО во Дебар. Прифатен е предлогот на советникот Решат Маловски за доделување средства од буџетот преку ставката трансфер на НВО за Радика-Де и организација која се занимава со спорт и рекреација.[65]

За идентификуваниот приоритет, економско јакнење на жените, во Локалната програма за родова рамноправност за 2016г.[66] се алоцирани 0,00 денари.

Иако економскиот развој– промовирање на локални акции за вработување на жените и залагање за вработување на жените во одлучувачки позиции постои како мерка, за оваа ставка не се предвидени никакви средства.

Активностите поврзани со економското јакнење прифатени се од советот, а се планира да се обезбедат преку ставката трансфер до НВО. Овие ак-

64 http://www.dibra.gov.mk/?page_id=322 (достапен само на албански јазик)

65 Записник од седница на Советот на Општина Дебар, бр.07-1127/2 одржана на 25.12.2015.

66 Локална програма за родова рамноправност за 2106 објавена во „Службен гласник на Општина Дебар"

тивности се планирани да се реализираат во соработка со КЕМЖМ и Центарот за вработување, а како носител на активностите е планирано Здружението Радика- Де.

### 3.5.7. Заклучоци и препораки

При мониторингот констатирано е дека економското зајакнување на жените е прашање за кое постои интерес кај општинските власти, меѓутоа општината не презема доволно мерки, т.е. активности. Што се однесува до транспарентноста, информациите не се доволно достапни на веб-страницата на македонски јазик. Македонската верзија на веб-страницата не е активна.[67]

На барање на мониторките од Радика-Де, официјални документи на општината беа уредно дадени на увид. Советниците, раководителите на секторите, претседателот на Комисијата за еднакви можности, кординаторот за ЕМЖМ, секретарот на општината и администрацијата беа достапни за интервјуа поврзани со прашањата од мониторингот.

Во 2015г., пред да се започне со мониторингот, состојбата со третманот на прашањето за економското јакнење на жените е на незадоволително ниво: не постојат програми, ниту средства одвоени од буџетот за овој приоритет.

Поради недостигот од организирани средби и консултации со граѓаните на иницијатива на општината, констатирано е дека општината нема проактивен пристап во вклучувањето на жените во јавните процеси на општината.Нема вклученост на граѓанижени ниту во подготовката на програмите ниту во планирањето на буџетот, но од друга страна и кај жените забележан е недоволен интерес.

Со мониторингот беа констатирани сериозни отстапувања од буџетскиот календар на Општина Дебар во фазите на подготовка на програма, усвојување на програма, подготовка на буџет и усвојување на буџет.

За идентификуваниот приоритет, економско јакнење на жените, не се издвоени средства од буџетот за 2016 година, туку е предвидено активностите да ги реализираат локални НВО преку буџетската ставка трансфер до НВО.

Според записникот од 28-та седница на Советот на Општина Дебар на којашто е разгледуван и усвоен буџетот за 2016г., констатирано е дека КЕМЖМ учествувала, но не расправала околу предлози, измени и дополнувања на буџетот. Општината изработила Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност за којашто не се издвоени средства од буџетот за економското јакнење на жените.

Општ впечаток од мониторингот е дека Општина Дебар нема постојана пракса да иницира средби и консултации со граѓаните во процесот на подготовка на програмите и планирањето на буџетот, и исто така доцни со динамиката, со што граѓанките на Дебар остануваат речиси целосно исклучени од јавните планирачки процеси.

---
67 http://www.dibra.gov.mk/mk/ (пристапено на 14.5.2016)

- **Транспарентност:**

- Ажурирање на веб-страницата и достапност на сите информации на македонски јазик.
- Програми, записници од седници и останати информации од јавен карактер, да бидат редовно објавувани на веб-страницата на општината (на двата јазика).
- Да се почитува динамиката предвидена со буџетскиот календар, за да се избегне нетранспарентно планирање и усвојување на буџетот.

- **Консултации:**

- Да се иницираат консултации со граѓаните и граѓанските организации во процесот на подготовка на програми и планирање на буџет за да се обезбеди транспарентно и отчетно работење на општината.
- Општината да организира јавни собири,анкети и други механизми за испитување на потребите на жените.
- Да се развијат механизми за поголема вклученост на жените во фазите на подготовка на програми и планирање на буџетот.
- Третман на родова еднаквост:
- Поголема промоција на работатана КЕМЖМ.
- КЕМЖМ да се вклучи во процесите на планирање и одлучување.
- Потребна е посуштинска соработка со локалните женски организации со цел поголема вклученост во општинските процеси.
- Приспособување на програмата на КЕМЖМ на фактичките потреби и приоритети на локалните жени.
- Јасно дефинирање на надлежностите на координаторот за ЕМЖМ.
- Општината да прибира родово разделена статистика.
- Поголема инволвираност на општината во планирање на програми за подобрување на родовата еднаквост.
- Воведување мерки и активности за подобрување на состојбата со економскиот статус на жените во општина Дебар.
- Издвојување средства од општинскиот буџет за мерки и активности поврзани со економското јакнење на жените.
- Поголема соработка на женски НВО и КЕМЖМ.

## **3.6.** КУМАНОВО



| | |
|---|---|
| Организација: | Женски Центар „Жена на 21 век“ - Куманово |
| Приоритет: | Пристап до јавни услуги од социјална заштита – Услуги за згрижување деца на предучилишна возраст |

### **3.6.1. Идентификација на тековен статус на приоритетот**

Избраниот приоритетен проблем идентификуван од самите жени– пристапот до јавни установи од социјална заштита – Установи за згрижување деца на предучилишна возраст – градинки, кој е и предмет на ова истражување претставува проблем за кој општината треба да посвети поголемо внимание и да преземе активности за негово надминување.

Според податоците добиени во тек на истражувањето, во Општина Куманово има една градинка ЈУ„Ангел Шајче“ којашто има 6 клона. Но нејзините капацитети не ги задоволуваат потребите и моментално на листа за чекање има околу 300 деца.

Со законот за децентрализација, надлежностите за работа и обезбедено непречено функционирање на установите за згрижување деца на предучилишна возраст преминуваат на локално ниво. Општина Куманово своите надлежности за овој сегмент од социјална заштита ги има планирано во Програмата на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за период од 2014 до 2017 година.

Во Програмата на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за период од 2014 до 2017 година[68] во делот Стратегија за развој и зајакнување на превенција е наведено:

**Цел** – Активен однос на Локалната самоуправа кон потребите на децата од предучилишна и училишна возраст.

**Задача** – Отпочнување со процес на реформи во односот на локалната самоуправа кон детската популација; водење локална политика за заштита на децата; приоритетно ниво на грижа во согласност со општинските надлежности; максимално развивање на ангажиран однос на Општината за правилен раст и развој на деца и млади (дрога, алкохол, проституција и сл.); донесување програма за деца и млади.

**Активности** – Залагање за воведување законска можност за вработување на социјални работници во детските градинки.

68 Програмата на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за период од 2014 до 2017 година.

Во Програмата на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за период од 2014 до 2017 година нема предвидено зголемување на капацитетот на установи за згрижување деца на предучилишна возраст, но во Акциониот План за период 2015 до 2017год.[69] со приоритети и фази на нивно реализирање има предвидено активности за изработка на техничка документација за изградба на 2 градинки – во населба Перо Чичо и с. Добршане и доградба на постоечката градинка – клонот Синоличка.

Во буџетот на Општина Куманово издвоено е 425.000 ден. за 2015 и 227.100 ден. за 2016 год. за изработка на техничка документација за две градинки и 6.500.000 ден. за доградба на постоечката градинка – клонот Синоличка.[70]

Во однос на унапредување на родовата еднаквост, Општина Куманово има формирано Комисија за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ), има назначено кординатор за еднакви можности и води родова статистика само по пол на вработените.[71]

### 3.6.2. Консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки

Во однос на идентификуваниот проблем – недоволен сместувачки капацитет во установите за згрижување деца на предучилишна возраст, општината нема спроведено јавни консултации со граѓаните/жените за негово надминување. Проблемот е идентификуван врз основа на известување од страна на директорот на ЈУ „Ангел Шајче" до Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита и до градоначалникот.[72]

Врз основа на оваа известување, Советот на Општина Куманово носи одлука за давање согласност и издава решение за ЈУ „Ангел Шајче" да може да има поголем број деца во воспитните групи (моментално во една група има по 40 деца).[73]

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ) и кординаторот за еднакви можности не се консултирани за проблемот, ниту пак тие иницирале активност за негово надминување (разговор со кординаторот Цоки Ристовски). Ниту пак од страна на граѓаните/жените на Општина Куманово има преземено иницијатива за барање на зголемување на капацитетот во установи за згрижување деца на предучилишна возраст.[74]

### 3.6.3. Подготовка на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во Програмата на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за период од 2014 до 2017 година нема планирано активности за нашиот предмет на интерес, но донесена е одлука на седница одржана на 22.1.2016 за форми-

69 Службен гласник бр.12 од 2014год.

70 Буџет за 2015 и 2016.

71 Интервју со кординаторот за еднакви можности на жените и мажите.

72 Интервју со директорот на ЈУ „Ангел Шајче".

73 Службен весник бр.10 од 2015.

74 Интервју со кординаторот за еднакви можности.

рање на Центар за ран детски развој во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово, кој ќе се лоцира во објектите на ООУ „11 Октомври" и „Христијан Карпош" – Куманово.[75] Проектот се реализира во соработка на општината со УНИЦЕФ и Македонски телеком.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ) во 2015год. нема одржано ниту еден состанок на кој се дискутирало за проблемот со сместувачки капацитети во предучилишни установи (записници на КЕМЖМ и разговор со кординаторот за еднакви можности). Ниту во програмата на КЕМЖМ за 2016 има предвидено активности во однос на нашиот приоритетен проблем.[76]

### 3.6.4. Усвојување на програмите/годишните планови за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Во Општина Куманово, ниту една предлог-програма на секторите не е дадена на разгледување од страна на Координаторот за ЕМЖМ и КЕМЖ, па следствено на тоа немаат поднесено предлози и мислења за подобрување на предлог-програмите и програмите по сектори во Општина Куманово.[77]

Со разгледување на програмите и буџетот на Општина Куманово може да се констатира дека согласно со програмите е проектиран и буџетот.

75 Службен гласник бр.1 од 2016.

76 Интервју со кординаторот за еднакви можности.

77 Интервју со кординаторот за еднакви можности.

### 3.6.5. Планирање на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Општина Куманово согласно на динамиката на буџетскиот календар ги следи роковите за изготвување на буџетот за наредната година. Иако законски еден месец пред донесување на буџетот за 2016 предвидено е да има консултации по предлог-буџетот, оваа година немаше, а не беше ставен ниту на веб-страницата на општината. Сепак,тој е достапен во Оделението за финансии и може секој кој е заинтересиран да го побара. Буџетот се изготвува од страна на Одделението за финансии во соработка со другите одделенија. Посебни консултации со жени во врска со буџетот се вршат само во исклучителни ситуации кога се смета дека жените треба да одлучат за некоја планирана активност. При подготвување на буџетот за 2016 год. не се вршени вакви консултации.[78]

### 3.6.6. Усвојување на буџетот за 2016. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Буџетот за 2016 год. на Општина Куманово е усвоен на 46 седница на Советот на Општина Куманово на ден 24.12.2015 год. Буџетот не е ставен на веб-страницата на Општина Куманово, но е достапен за оние кои се интересираат за него во Одделението за финансии.

Во буџетот за детски градинки се планирани 76.280.940 ден., и тоа: од буџет 240.800, со самофинансирање 27.320.000, со дотација 48.400.000 и со донации 338.140 ден.[79]

78 Интервју со раководителот на Оделението за финансии .

79 Службен гласник бр.13 од 2015 и Сл.гласник бр.1 од 2016.

За Програмата на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за периодот од 2014 до 2017 година во буџетот за 2016 год. издвоени се 5.597.500 ден.

На 18 март 2016 год. пуштен е во употреба Центар за ран детски развој во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Ангел Шајче" – Куманово, кој е сместен во просториите на ООУ „Христијан Карпош" – во населбата Иго Тричковиќ, Куманово.

### 3.6.7. Заклучоци и препораки

И покрај тоа што обезбедување на пристапот до јавни установи од социјална заштита - Установи за згрижување деца на предучилишна возраст – градинките една од надлежностите на општината, особено на секторот за социјална заштита на Општина Куманово, сепак посебни програми за тоа не се планирани.

Надлежните механизми за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите се недоволно вклучени во подготовката на програмите и буџетот на општината. Дополнително, нема востановено системи за прибирање статистички податоци и не е подготвена посебна програма со мерки за еднакви можности, ниту се издвоени средства за финансирање.

Постоечките форми на вклучување на жените применети во процесот на планирање заради идентификација на проблеми и прибирање предлози и мерки за финансирање се недоволни и еднонасочни.

Големиот број жени, особено од руралните средини, кои се обраќаат на општината, ја покажува потребата од приоретизација на нивните потреби и проблеми.

Во процесот на подготовка и планирање на буџетот отсуствуваат консултации со граѓаните (повици до граѓаните на веб-страницата на општината, огласи на огласна табла, средби со граѓани, посети на урбани и рурални заедници и сл.) и посебни консултации со жени по однос на предлог-буџетот. Буџетскиот календар не се следи целосно, особено поради фактот што нацртот на буџетот и усвоениот буџет не се јавно достапни. При процесот на планирање и креирање на буџетот, не се прави разлика меѓу двете фази на консултации (по однос на нацрт-плановите и по однос на нацрт-буџетот).

Општината ненавремено ги објавува службените гласници на својата веб-страница што оневозможува правовремен увид во усвоените програми и буџетот на општината.

- Информирање/Транспарентност

Редовно и навремено објавување на општинската веб-страница на предлог-буџетот, усвоениот буџет, предлог-програмите, усвоените програми, закажани седници, дневни редови на седниците и службените гласници со комплетни информации.

- Консултации

Општината да развие и практикува стандардизиран формат на консултации за прибирање мисления од граѓаните.

Информациите за одржување на консултивните средби и испитување на потребите на жените и во фазата на планирање на програмите и во фазата на разгледување на нацрт-буџетот да бидат јавно објавени и лесно достапни за сите жени.

Општината при идентификување на потребите на жените да ги консултира локалните женски НВО од општината кои располагаат со информации од терен.

- Генерален третман на прашањето за родова еднаквост

Општината да усвојува годишен план со основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно на член 14 став 1 од ЗЕМЖМ, а врз основа на испитаните потреби на жените во процесот на консултации. Годишниот план да содржи средства одвоени од буџетот на општината со висина на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки.

Висината на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки да се предвиди и за мерките во сите секторски програми на општината.

Општината да воведе пракса на систематизирање на предлозите од граѓаните прибрани преку постоечките форми на комуникација со граѓаните за истите да бидат земени предвид при планирање и буџетирање.

Механизмите надлежни за интегрирање на родовата еднаквост на локално ниво (кординатор за еднакви можности и КЕМЖМ), да развијат систем на анализа на статистички податоци, идентификуваните потреби на жените и разгледување и давање мислење по однос на годишните програми, планови и нацрт-буџетот.

Промоцијата на родовата еднаквост да не биде условена од проекти на граѓанските организации и средствата на меѓународни организации.

4

# КАКО ЖЕНИТЕ ГО ПРЕКРОИЈА БУЏЕТОТ?

Во рамките на проектот беше спроведена теренска кампања Жените буџетираат! заради поттикнување на интересот на жените за тоа како и во чија корист се управува со локалните јавни финансии.

Вкупно 28 активистки од тимовите од Акција Здруженска и локалните организации, на фреквентни места во секоја од општините, преку директна комуникација со 628 жени минувачи, пренесоа основни информации за тоа што е буџетот, зошто треба да ги интересираат јавните финансии, зошто треба да бидат активни учесници во буџетските процеси и колкава е висината на буџетот на нивната општина.

## 4.1. ШТО ЗНААТ ЖЕНИТЕ ЗА БУЏЕТОТ?

За време на кампањата помеѓу жените беше спроведена анкета за степенот на информираност и вклученост во планирањето на јавните финансии. Без амбиција да претставува посериозна статистичка операција, сепак, бројот на анкетирани жени, интересот и перцепцијата за транспарентноста рефлектираат загрижувачка состојба на која локалните власти и граѓанските организации во овие општини би требало да посветат сериозно внимание.

И покрај претходните сознанија кои упатуваа на недоволно учество во локалните процеси на планирање и донесување одлуки, резултатите од анкетата покажаа поразително ниво на информираност и вклученост на жените. Имено ниту една од анкетираните жени немаше ниту приближни сознанија за тоа колкава е висината на буџетот на нивната општина, а речиси ниту една жена не е прашана за потребите, проблемите и приоритетите за финансирање, освен 5, од кои една жена вклучена во буџетски форум, две советнички и две вработени во општинската администрација.

Ретки беа жените кои имаа некаква претстава за што се користи буџетот на општината, кај кои доминираа одговорите улици и патишта, тротоари, кружни текови, парк, односно она што можат да го видат, а помалку за плати, греење, за училиштата. Загрижува тоа што голем дел од анкетираните жени сметат дека не е нивна работа да знаат, ниту ги интересираат јавните финансии и оние кои сметаат дека општинските власти ги трошат буџетските пари за сопствена корист.

Илустративни се изјавите кои се повторуваа кај жените во сите општини, а кои на прашањето **За што се користи буџетот на општината?** ги даваа следниве одговори:

> *За партијата, За сопствен џеб, Ќе си ги поделат меѓу себе, Одмор и шетање, Не знаеме што е буџет, само знаеме дека си ги полнат џебовите, Мажите ги прават парите, ги печалат, ги редат, они знаат, или ироничнни одговори како: Кога ќе се потрошат, ќе дознаеме.*

## 4.2. КАКО ЖЕНИТЕ БИ ГИ ПОТРОШИЛЕ „СКРИЕНИТЕ" ПАРИ?

Жените беа поттикнувани во улога на градоначалнички да го „прекројат" општинскиот буџет за 2016, односно да понудат алтернативен приоритет за финансирање за конкретен буџетски износ, а кој ќе биде во корист на жените од таа општина.

Износот за секоја од општините е идентификуван врз основа на претходна анализа на општинските буџети. Целта на анализата беше да се идентификуваат најмалку транспарентните буџетски алокации, при што основен критериум за проценка беше (не)можноста да се утврди или претпостави специфичната намена/корисник на поединечни буџетски ставки. Анализирани беа посебните делови на достапните буџетски документи, односно расходитедо ниво на ставки, при што беа изземени сите расходи од самофинансирачки активности, донации или дотациите од централната власт за кои е претпоставена утврдена намена. Ваквиот пристап беше условен од разликите во деталноста на претставување на расходите кај општински буџети со оглед на тоа што за некои од нив информациите за расходите на ниво на потставки не беа достапни. При утврдувањето на најмалку транспарентни расходи за општинските буџети со достапни информации за расходи до ниво на потставки, беа изземени износите со позната намена.

Резултатите од анализата на буџетите на Гостивар, Свети Николе, Тетово, Дебар, Битола и Куманово покажаа релативно високи износи предвидени во буџетската категорија 46 – Субвенции и трансфери, ставка 464 – Разни трансфери, кои најчесто се појавуваа во потпрограмите А00 – Совет на општина, градоначалник, или Е00 – Општинска администрација. За разлика од овие општини, локалниот тим во буџетот на Општина Битола како најмалку транспарентен расход ја определи ставката 426 – Други тековни расходи, односно потставката 426990 – Други оперативни расходи.

Во продолжение се прикажани износите на вкупните буџети на општините, вкупните износи на расходи по ставка, кои беа идентификувани како буџети за „прекројување" за време на кампањата.

| Општина | Вкупен буџет/мкд | Буџет за прекројување/мкд | Буџетска ставка |
|---|---|---|---|
| Битола | 1.509.550.143 | 15.360.000 | 426-Други тековни расходи |
| Тетово | 1 952.870.946 | 8.418.000 | 464-Разни трансфери |
| Гостивар | 1.047.934.000 | 16.897.000 | 464-Разни трансфери |
| Дебар | 270.204.000 | 1.700.000 | 464-Разни трансфери |
| Свети Николе | 390.277.468 | 2.115.000 | 464-Разни трансфери |
| Куманово | 1.793.766.626 | 28.000.000 | 464-Разни трансфери |

Најголемиот дел од 346-те предлозидадени од жените во рамките на кампањата ги потврдија приоритетните проблеми идентификувани во рамките на фокус-групите. Во најголем дел доминираа и се повторуваа предлози заинфраструктурни подобрувања, транспортот, социјалните услуги, вклучувајќи ја и заштитата од насилство, здравствените услуги, вработувањето, спортот и рекреацијата и слично. Специфичните предлози се разликуваа во зависност од висината на средствата, контекстот, статусот на жените кои ги даваа и степенот на развиеност на општините. Оттука, со оглед на невозможноста од нивно сумирање и претставување во целина, истите заедно со резултатите од фокус-групите ќе претставуваат ресурс за понатамошно застапување од страна на организациите.

За илустрација, ќе претставиме само некоиод најинтересните конкретни предлози:

- Фонд за женско претприемништво
- Занаетчиски работилници за жени со средно образование
- Отворање сигурна женска куќа/Шелтер
- Поддршка на женски спортски клубови
- Поставување семафори кај Епинал и на Камен мост
- Женски тоалети во спортската сала
- Јавни тоалети
- Пазар во бараки
- Калта да се тргне во Ерџелија
- Автобуска линија, аптека и лекар, возило за ѓубре и игралиште со лулашки во Горобинци
- Превоз до Кнежје и Мустафино
- Поддршка за разведени жени

Освен конкретните предлози кои влегуваат во директна надлежност на општините, имаше и предлози кои вреди да се споменат бидејќи претставуваат израз на амбицијата на некои од жените да се справат со неповолната економска положба на граѓаните:

> *Ќе ги користам за сите оние граѓани со социјални потреби, Да изградам голема фабрика за сите луѓе кои живеат во Дебар, За сите сиромашни лица.*

Интересно е тоа што повозрасните, помалку образованите или жените од руралните средини беа исклучително конкретни во предлозите за што и на кој начин би требало да се потрошат парите во корист на жените. Дел од нив испишуваа цели низи предлози со што се потврдија сериозните ограничувања во поглед на нивниот пристап до локалните услуги и потребата од поголемо внимание од страна на локалните власти. За разлика од нив, кај урбаните и образовани жени од поголемите општини беше забележлива тешкотијата воопшто да идентификуваат конкретен проблем и намена за средствата, и особено забележлива тешкотија да идентификуваат специфични проблеми или потреби на жените, што упатува на недостаток на свесност за ограничувањата за жените и потребите на помалку привилегираните жени.

И покрај тоа што скоро сите жени опфатени со кампањата беа отворени за комуникација и даваа предлози за тоа како да се наменат средствата, забележлив беше отпорот кај повеќе од половината да ги запишат на местото определено за тоа. Жените кои во текот на разговорот беа прилично критични и конкретни во идентификувањето на проблем и начин на решавање, на предлогот истото да го запишат категорично одбиваа да го сторат тоа, отворено изјавувајќи дека: *Не смеат,* дел изразуваа недоверба и прашуваа *А што ќе правите соова напишаново?* или пак бараа некој од тимовите да ги запише наместо нив.

Исто така, забележливо беше отсуството на жените на јавните простори надвор од периодот од два до три часа, а кој беше определен од страна на локалните организации за спроведување на акцијата. Имено, пред и по овој период во некои општини жените сосема исчезнуваа.

# ПРИКАЗНАТА ПРОДОЛЖУВА...

## нови организации
## нови општини

## Што е Буџет?

ПЛАН за управување со јавните пари кој дава јасен и разбирлив одговор на 3 прашања:

**1** Како ќе се соберат парите? (приходи)

Колку даноци, такси, придонеси и други давачки ќе уплатиме и колку ќе не задолжи општината

**2** Како ќе се потрошат? (расходи)

Колку ќе не чинат локалните служби и кои и какви јавни услуги ќе ни обезбедат со нашите пари

**3** Зошто баш таков Буџет?

Објаснување за тоа дали и како ваквиот Буџет ќе ни го подобри животот

## Каква врска имаме ние жените со Буџетот?

И ние го полниме и тоа секојдневно

Буџетот ни ја крои живеачката и од него зависи:

- Дали ќе се финансира она што нам ни е приоритет и важно
- Дали ќе имаме еднакви права и можности

## Зошто треба да бараме сметка за јавните пари?

- Како граѓанки, имаме законско право на тоа
- Тоа се пари кои власта ги управува по наше овластување
- Буџетот не е кралско ќесе, ниту семејно наследство
- Не смее да се планира и троши без наше знаење

ISBN 978-9989-2910-5-0